РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Министерство за европски прашања**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# ЗА ПЕРИОДОТ 2026-2028 година

**февруари 2026**

Содржина

1.1 Вовед....4
1.2 Анализа на состојба....6
1.3 Мисија....11
1.4 Визија....12
1.5 Принципи, вредности и начела....12
1.6. Задачи и обврски....12
1.7 Специфичност....14
1.8 Структура ....14
1.9 Односи со органите во состав....17
1.10 Приоритети и цели....17
1.11 Осврт на постигнати резултати од претходните години (2025)....22
1.12 Програми....60
2. Влијанија врз човечките ресурси....104
3. Принципи на правична застапеност....106
4. Принцип на еднакви можности на жените и мажите....106
5. Развивање на заедничките функции....106
6. Ризици на ниво на стратешки план....112
7.Ризици на ниво на програми....113

# АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **АА** | Агенција за администрација |
| **ДЕУ** | Делегација на Европска Унија |
| **ДСИ** | Децентрализиран систем за имплементација на Инструментот за претпристапна помош |
| **ДС** | Државен советник |
| **ДСек** | Државен секретар |
| **ДМС** | Систем за управување со документи во државната управа(документ менаџмент систем) |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ДКП** | Дипломатско конзуларни претставништва |
| **ЕК** | Европска комисија |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ИПАКС** | ИПА Комитет за следење |
| **МЕП** | Министер за европски прашања |
| **ЗМЕП** | Заменик-министер за европски прашања |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош (Instrument for Pre-accession Assistance) |
| **ИТ** | Информатичка технологија |
| **МНР** | Министерство за надворешни работи |
| **МБ МК/МК Мисија** | Постојана Мисија на Република Северна Македонија во Европската Унија |
| **МИПД** | Повеќегодишен индикативен програмски документ (Multi-Annual Indicative Planning Document) |
| **МИФФ** | Повеќегодишна индикативна финансиска рамка (Multi-Annual Indicative Financial Framework) |
| **НВО** | Невладини организации |
| **ЕРП** | Програма за економски реформи |
| **НИПАК** | Национален ИПА координатор |
| **НПАА** | Национална програма за усвојување на правото на Европска Унија (National programme for the adoption of the acquis communitaire) |
| **НСЕИ** | Национален совет за европски интеграции |
| **НФ** | Национален фонд (National Fund) |
| **СУЧР** | Сектор за управување со човечки ресурси |
| **ОВР** | Одделение за внатрешна ревизија |
| **ОИСС** | Одделение за информациони и софтверски системи |
| **ООЈ** | Одделение за односи со јавноста |
| **ПЕП** | Претпристапна економска програма |
| **ПзР** | План за раст |
| **ПАРИРП** | План на активности за реализација на итни реформски приоритети |
| **РКЕИ** | Работен комитет за европска интеграција |
| **МЕП** | Министерство за европски прашања |
| **СЗ** | Секретаријат за законодавство |
| **СИ** | Сектор за интеграција |
| **СИКТ** | Сектор за информатичка и комуникациска технологија |
| **СКСП** | Сектор за координација на европски фондови и друга странска |
| **СОРОЈ** | Сектор за организациски работи и односи со јавноста |
| **СОПР** | Сектор за општи и правни работи |
| **СПНВПЕУ** | Сектор за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis) |
| **ССПППП** | Сектор за стратешко планирање и поддршка на процесот на пристапување |

| | |
|---|---|
| **СПО** | Виш програмски службеник (Senior Programme Officer) |
| **ССА** | Спогодба за стабилизација и асоцијација |
| **СФП** | Сектор за финансиски прашања |
| **ИСО** | Меѓународна организација за стандарди (International Organization for Standardization) |
| **ТАИЕКС** | Техничка помош за размена на информации (Technical Assistance and Information Exchange) |
| **РИА** | Проценка на влијанието на регулатувата (Regulatory Impact Assessment) |
| **ГД** | Генерален директорат |
| **РА** | Реформска агенда |
| **ЦОМЕП** | Центар за обука на Министерството за европски прашања |
| **ЦФЦД** | Секторо за централно финансирање и склучување договори; Сектор во рамките на Министерството за финансии |

## 1.1 ВОВЕД

Министерството за европски прашања, заедно со сите учесници, во изминатите години постигна значителен напредок во процесот на европската интеграција. Кандидатскиот статус, визната либерализација, воспоставувањето на пристапниот дијалог на високо ниво и напредокот во однос на реформската агенда во многу реформски области, одлуката за отпочнување на пристапните преговори се резултат на досегашната посветеност и работа.

*Во изминатиот период успешно го поставивме и зајакнавме целокупниот систем за координација и поддршка на процесот:*

- По кандидатскиот статус на МК согласно одлуката на Советот на ЕУ за почеток на пристапните преговори донесена во март 2020 година заедно со ревидираната методолгија за преговори, на 19 јули 2022 година Советот ја потврди преговорачката рамка, а на 19 јули 2022 година се одржа Меѓувладината конференција со што и формално започнаа пристапните преговори за полноправно членство во ЕУ.
- Имајќи ја предвид ревидираната методологија за пристапни преговори во септември 2022 година се донесоа актите за преговарачката структура. Одлуката за воспоставување на структурата за преговори за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија се ревидираше во октомври 2024 година со цел да се усогласи со измените на законот за организација на работата на органите на државната управа од јуни 2024 година. Одлуката за определување на институциите кои се дел од работните групи за подготовка на преговарачките позиции е во фаза на ревидирање. По усвојување на ревидираната одлука ќе следи процесот на операционализација на структурата и јакнење на административните капацитети.

- Континуирано спроведување на наодите и препораките од годишните извештаи на Европската комисија, вклучително и заклучоците од министерскиот дијалог за Програмата за економски реформи, заклучоците од редовните состаноци на телата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, извештаите од оценските мисии, Годишниот извештај за владеење на правото во рамки на Европскиот механизам за Владеење на правото, и консултациите со граѓанскиот сектор.
- Успешно е спроведен скрининг процес за сите шест кластери и тоа: Кластерот 1 „Фундаментални вредности“, Кластерот 2 „Внатрешен пазар“, Кластерот 3 „Инклузивен раст и конкурентност“, Кластерот 4, „Зелена агенда и одржлива поврзаност“,Кластерот 5 „Ресурси, земјоделство и кохезија“ и Кластер 6, „Надворешни односи“ и заклучно со август 2025 година добиени се скрининг извештаите за сите кластери.
- Врз основа на скрининг извештајот за Кластерот 1 Фундаментални вредности добиен во јули 2023 година и писмото од шпанското претседателство со кое од земјата се бара да ги подготви одредниците за отворање на Кластерот, се подготвија нацрт верзии на Патоказот за владеење на правото (ВнП) придружен со Акциски план за правата на припадниците на малцинствата/заедниците и Патоказот за реформа на јавната администрација (РЈА) (одредници за отворање на Кластерот), како и на Патоказот за функционални демократски институции (ФДИ). Нацрт верзиите на патоказот за ВнП  и РЈА како и пред финалната верзија на АП беа доставени до ЕК во декември 2023 година. Во текот на 2024 и 2025 година се работеше на ревизија на двата патокази во насока на адресирање на коментарите на ЕК и нивно усогласување со Реформската агенда 2024-2027 година, како и на ревидирање на нацрт -патоказот за ФДИ. Во ноември 2025 година Владата го усвои Нацрт-Патоказот за РЈА.Во ноември 2023 година како дел од годишниот пакет за проширување ЕК го лансираше Планот за раст за земјите од Западен Балкан врз основа на кој се подготви и Реформската агенда 2024-2027. Владата ја усвои нацрт Реформската агенда во јули 2024 година, а ЕК ја потврди во октомври 2024 година. Спогодбата за условите на користење на инструментот за реформи и раст (ИРР) и Договорот за заем како дел од правната рамка стапија на сила на почетокот на 2025 година, а во мај 2025 година се донесоа и правните акти за утврдување на националната структура за Планот за раст и Реформската агенда. Министерот за европски прашања е определен за национален координатор за Инструментот за реформи и раст (ИРР). Согласно обврските од ИРР заклучно со јули 2025 година до ЕК се доставени две барања за ослободување на средства и годишен извештај за 2024 година. Исто така, Владата во март 2025 година усвои План за комуникација и видливост на Планот за раст и Реформската агенда. Во 2025 година со поддршка на ГИЗ се работеше и на воспоставување на ИТ платформа како алатка за поддршка на процесот на следење и известување за РА.
- Редовно се одвива циклусот на состаноци на поткомитетите и специјалната група преку институционалниот механизам на КСА/Поткомитети,

вклучително и Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој по пауза од пет години се одржа на 10 февруари 2026 година.

- Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија за 2021-2025 година (НПАА) (усвоена од Владата во јуни 2021 г.) останува како клучен стратешки документ кој ја одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските модели (административни структури). Во 2024 година завршија активностите за надградба на НПАА платформата модулите за НПАА, НЛЕКС, превод, ЦДАД и јакнење на административните капацитети и административниот модул.
- Работниот комитет за европска интеграција (РКЕИ), остана платформа за меѓуресорска консултација и форум за отворен дијалог
- Работните групи за подготовка на преговарачките позиции (иако членовите не се формално назначени) континуирано работеа на спроведување на обврските од процесот на интеграција и од НПАА
- Го поставивме системот за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis) и напорно работиме на изработка на национална верзија на правните акти на ЕУ, како исклучително важен сегмент од процесот на европската интеграција, со цел подобро да се оцени напредокот на земјата во исполнувањето на условите за членство;
- Координативните и оперативни структури на ИПА претпристапниот инструмент пред се ИПА III Комитетот за следење и петте ИПА III секторски комитети за следење се високо функционални, оперативни и со докажан кредибилитет
- Центарот за обука на МЕП, како институционална рамка за континуирано и конзистентно јакнење на капацитетите на администрацијата за процесот на европска интеграција, продолжува со својата работа
- Го воспставивме и го одржуваме оперативен системот ПАФ односно ИТ алатка за следење на успешноста.

  Го преземавме во мај 2025 година претседателството со ЕУСАИР.
- Развивме модерни информатички системи и алатки за поддршка и следење на процесот на пристапување, како и низа стандардизирани платформи, методологии, аналитички алатки и стандарди на квалитет. Со поддршка на проектот Норвешка поддршка преку УНОПС, заврши изработката на интегрирана платформа за Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) која треба да понуди дигитална поддршка во процесот на пристапување во Европската Унија. Развојот на платформата, која е составена од шест модули, започна во септември 2021. Ревизијата и имплементацијата на НПАА 2026-2030 ќе биде значително поддржана од интегрираната НПАА платформа која ги задоволува функционалните и правните барања на Европската интеграција и на процесот на преговори.

  За потребите на следење на Реформската агенда, со поддршка на ГИЗ, започна процес на креирање на ИТ платформа која ќе овозможува автоматизација на процесите за градење на структурата, спроведувањето,

следењето, известувањето и контролата и ревизијата на Реформската агенда.

Основната намена на платформата е да ги обезбеди следните функционалности:

- Создавање на структурата за контролирано пополнување на содржината на документот РА,
- Поврзување на елементите (компонентите) во структурата на РА (области, подобласти, реформи, чекори, активности, различните видови на мерки и логичка поврзаност на вредностите помеѓу нив) и функционалност за внес на содржината.
- Внес на прогресот во спроведувањето на РА, да обезбеди механизми на контрола и корекции на внесените податоци.
- Следење - извештаи и анализа на податоците за актуелната состојба во спроведувањето на РА и извоз на податоци кон други системи.
- Обезбедување информации за корисниците на системот (внатрешен портал) и транспарентност во спроведувањето на РА (јавен портал).

Во однос на структурата на РА, системот ќе овозможува функционалност за флексибилно дефинирање на истата, преку додавање на елементи во документот на различно ниво во хиерархијата на документот (за да се формира структура идентична на содржината на документот) и шаблони за автоматско генерирање на елементите што се повторуваат.

## 1.2 Анализа на состојбата

### 1.2.1 Историски развој на Министерството за европски прашања

Министерството за европски прашања е основан како посебна стручна служба (Секретаријат за европски прашања) на Владата во 2005 година, со трансформација на претходниот Сектор за европска интеграција во рамките на Генералниот секретаријат на Владата. Формирањето на Министерството за европски прашања е резултат на потребите кои произлегуваат од интензивирањето на процесот на евроинтеграција на земјата во Европската Унија и е во целосна функција на остварување на клучната стратешка цел, членство во Европската Унија.

Целосна интеграција во Европската Унија е еден од клучните стратешки приоритети на Владата и МЕП, со директен фокус на отворање и водење на преговорите за членство во ЕУ.

Министерството за европски прашања е стручна служба на Владата раководена од членот на Владата, министер за европски прашања кој ги има правата и надлежностите на државен функционер кој раководи со орган на државната

управа. Работата на МЕП е уредена со Законот за организација на работата на органите на државна управа, согласно кој МЕП има хоризонтална координативна функција за прашањата поврзани со подготовка и координирање на евроинтегративниот процес на земјата во ЕУ. Министерството за европски прашања остварува интензивна соработка со органите на државната управа и со други органи и институции, како и директен дијалог со институциите на ЕУ, дипломатските претставништва на земјите членки на ЕУ, меѓународните тела и организации. Во однос на евроинтегративниот процес на земјата и актуелните пристапни преговори несомнено е важно да се истакне дека министерот е во функција на главен преговарач во преговорите за членство на земјата во ЕУ, додека Министерството за европски прашања е подвижниот мотор во системот на координација и водење на процесот.

### 1.2.2. SWOT анализа

**SWOT анализа**

Во рамките на SWOT анализата, беше опсервирано Министерство за европски прашања, неговата внатрешна структура, надлежноста, одговорноста, силните и слабите страни, капацитетите-човечките и материјалните ресурси и опрема со која располага, условите за работа, како и заканите и предизвиците со кои се соочува во секојдневното работење. Сето тоа послужи како добра основа да се изработи SWOT анализа на ниво на Министерството за европски прашања.

Стратешките концепти на МЕП беа разгледани од пошироката група на вработени во МЕП користејќи SWOT анализа преку која беа посочени „силните“ и „слабите“ страни, како и „можностите“ и „ризиците“ кои доаѓаат од надворешниот контекст, а кои влијаат на поставените концепти и идеи. Освен согледувањата кои произлегоа од SWOT анализата, во разгледувањето на стратешките концепти беше земена предвид и перспективата/укажувањата на вработените во МЕП по однос на функционалноста на Министерството, како и перцепцијата за напредокот на земјата во евроинтеграциските напори и искористување на расположливите ресурси.

**Силни** страни на МЕП:

- *Етаблираност на Министерството за европски прашања*– МЕП е добро етаблирана институција, како со кадар така и со процедури и документи за работа;
- *Препознатливост*– Институцијата е препознатлива не само од другите институции, туку и од пошироката јавност;

- *Перцепција на елитна институција*– Од МЕП побарале поддршка и учеле други државни институции,;
- *Капацитетен кадар*– Во МЕП работи високо стручен кадар, со искуство и перспектива за понатамошно напредување и учење;
- *Постигнати резултати*– Во смисла на развивање на стратегии и останати важни документи кои се користат не само од институцијата туку и пошироко.

**Слабите** страни на МЕП може да се поделат на три нивоа: политички, организациски и кадровски.• **Политички:**

Бавна комуникација која резултира со намалена релевантност и кохерентност (ненавремено информирање и/или не споделување на информации).

• **Организациски:**

Потреба од посилно лидерство кое ќе го насочи Министерството за европски прашања кон подобра меѓусекторска координација;

Навраќање на основните функции на МЕП, а тоа се координација и олеснување (фасилитација) на институциите во евроинтеграцискиот процес. Ревидирање на функционалната анализа и нова организација на МЕП согласно новините во процесот на пристапување, вклучително ЕУ помош и Реформска агенда.

• **Кадровски:**

Концентрација на клучни функции само во мал број на вработените во МЕП.

Флуктуација на вработените во и од МЕП, надвор од институциите или во други институции.

Слаба мотивација на вработените целосно да се вложат поради разни (објективни и субјективни) фактори.

Недостиг на кариерна мотивација која би ги обврзала вработените да учат од МЕП, но и да растат и придонесат во работата на МЕП.

**Ризиците** во работата на Министерството за европски прашања се поделени на три големи категории – одлив на кадри, статус на МЕП и јавното мислењето во државата.

• **Одлив на кадар:**

*Чувство за професионална исклученост на вработените*– Поради недостиг на информации или недавање на еднакви можности за придонес во работата на институцијата;

*Неискористеност на капацитети*– Голем број на вработени не се вклучени или пак не се доволно мотивирани да го искористат својот потенцијал и расположливиот капацитет во целост;

Демотивираност на кадарот како од внатрешните предизвици (именувани погоре) во работата на МЕП, но и од јавното мислење во однос на европските интеграции.

Отсуство на инвестирање, негување на кадарот во континуитет, т.е. отсуство на континуирана стратегија и план за обука и надградување на постојниот кадар и индукциски обуки за новодојдениот кадар.

Отсуство на системот за награда и мотивирачки мерки за вработените (веќе утврдени и прифатени со спроведениот КАФ).
Отсуство на политика на институцијата за задржување на кадарот особено во делот на ЕУ интеграција и пристапните преговори.
•**Пошироко опкружување:**
Губење на волја и интерес за евроинтеграцискиот процес воопшто во државата,
Губење на мотивација за понатамошните напори за полноправно членство во ЕУ.

**Можностите,** кои се идентификувани во работата на МЕП, се структурирани на следниот начин:

• **Политички:**

Институционализирање на политичка координација преку користење на постоечките механизми на координација (состаноци кои ги организира претседателот на Владата и/или редовните состаноци на Влада);
Создавање на нови механизми и можности кои би придонеле кон поефикасна политичка координација на ставовите.

• **Организациски:**

Да се намали предимензионираноста на вработени, да се прилагоди новата организациска структура на улогите и надлежностите, поради намалување на трошоците за работа, но и поради подобрување на ефикасноста и ефективноста на работата на МЕП, доколку се остане со ова темпо на евроинтеграциските процеси;
Да се реорганизира МЕП, во насока и со визија за поефикасно, поефективно и поуспешно лидерско работење на МЕП.
Да се зајакне внатрешната контрола и да се планира надминувањето на слабостите во функционирањето.
Да се обезбеди, темелено на анализа и проекција на потреби како холистички пристап, значително и целосно подобрување на ИКТ инфраструктурата, со хардвер и софтвер, со соодветна континуирана и последователна обука за сите вработени во МЕП – за МЕП да може непречено да функционира и фати чекор со современите текови и практики на модерното административно работење.

• **Кадровски:**

Да се вложат напори за порамномерна дистрибуција на функциите во секторите помеѓу вработените;
Да се анализира обемот на работа и на таа основа да се планира и реализира планот за вработување
Да се утврдат сензитивни работни места
Да се подигне мотивираноста за поголемо вложување преку разни форми на промоција, професионален развој и поддршка врз принципи на праведност и заснована на заслуги..
Да се опстои на обезбедувањето, на континуирана основа и конзистентно, на редовна обука преку МЕП, како за материјата која се работи, нови и актуелни теми, вештини и обуки кои ќе доведат до подобрување на сеопштата добросостојба во МЕП.



Прилог 2- Интегрален приказ на СВОТ анализа

| СИЛНИ СТРАНИ | МОЖНОСТИ |
|---|---|
| • Етаблираност на секторот<br>• Препознатливост<br>• Постигнати резултати<br>• Перцепција на елитна институција<br>• Капацитетен кадар | • Политичка волја за подобра координација и комуникација.<br>• Организациски - да се намали предимензионираноста<br>• Прераспределба на вишокот на вработените и,<br>• Поеднаква дистрибуција на функциите |
| СЛАБИ СТРАНИ | РИЗИЦИ |
| • Политички: координација, комуникација.<br>• Организациски: предимензониранист, координација.<br>• Кадровски: флуктуација, недостиг на мотивација и кариерна ориентација | • Одлив на кадри<br>• Промена на статусот на СЕП<br>• Намалена волја и интерес за ЕУ |

## 1.2.3.Стратешки насоки и предизвици

Главните стратешки насоки за Стратешкиот план 2026-2028 на Министерството за европски прашања се поставени врз основа на стратешката определба на Владата за членство во ЕУ, како и клучните документи и стратегии: Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА); Одлуката за почеток на пристапните преговори; новата Методологија за преговори на ЕУ; процесот на скрининг и скрининг извештаите за шесте кластери; Стратегијата за проширување, со јасни насоки и препораки за процесот на проширување во наредниот период; Стратегијата ЕУ 2020, инцијативите и стратегиите на ЕУ; Повеќегодишната финансиска рамка (МФФ 2021-2027); Годишните извештаи на ЕК; секторските стратегии; Програмата за работа на Владата, Одлуката за стратешки приоритети на Владата за 2024-28 и реформите во низа области; Програмата за економски реформи (ЕРП), Планот за раст и Реформската агенда 2024-2027.

Министерството за европски прашања направи темелна анализа на овие стратешки документи, ги идентификува клучните предизвици за следниот период и врз основа на својата позиција и капацитети ги утврди следните *стратешки насоки:*

- *континуитет и подобрување на квалитетот на процесот на пристапување и искористување на европските фондови*
- успешно *водење на пристапни преговори*
- *координирање и спроведување на Реформската агенда, како и координација на Планот за раст*
- *европски демократски вредности во процесот на пристапување*

Пред нас е *двоен предизвик*, одржување континуитет со подобрување на квалитетот на досегашната работа и водење на пристапните преговори. Свесни сме за сериозноста на претстојните обврски, но, исто така, и за реалните сопствени капацитети, капацитетите на координативните структури, преговарачките структури и институции кои учествуваат во процесот, како и постојните ресурси.

*Нашите напори ќе ги насочиме кон следните предизвици:*

- Партнерски дијалог и соработка со институциите на ЕУ и земјите членки и водење на пристапните преговори;
- Операционализација на преговарачката структура и ефикасно управување со процесот на градење на преговарачки позиции;
- Интензивирање на соработка со граѓанскиот сектор, универзитетите, синдикатите, стопанските комори и сите општествени чинители во насока на поинтензивен и поконструктивен дијалог и вклучување во подготовките за преговори;
- Консолидација и зајакнување на координативните структури и подготовки за сопствен аналитички преглед на законодавството на ЕУ и националното законодавство;
- Систематско јакнење на капацитетите на сите координативни структури, преговарачката структура и структурата за Инструментот за реформи и раст, како и на целните групи во специфични области;
- Доследно исполнување на обврските од ССА и имплементација на 2 фаза од ССА;
- Координација на подготовката и спроведувањето на одредниците за отворање на кластерите и следење на реформите во клучните области владеење на правото, функционални демократски институции и реформа на јавната администрација;
- Ревизија на НПАА, согласно скрининг извештаите, плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, како и воведување на инструменти за следење на обврските и мерење на напредокот;
- Зајакнување на ИПА структурите и јакнење на капацитетите за долгорочно програмирање и следење на имплементацијата на ИПА; /ЕУ фондовите кои следат во иднина после 2027;
- Интензивирање и подобрување на квалитетот на подготовката на националната верзија на правото на ЕУ (acquis);
- Зајакнување на капацитетите, примарно внатрешните, поради сложеноста на планирањето и управувањето со знаење и интелектуалните услуги кои ги бара процесот на подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis), но и на надворешните, поради правниот, стручниот и јазичниот аспект на процесот, поточно неговата интердисциплинарност;
- Информирање на јавноста, јакнење на свеста и поддршката за членство во ЕУ и процесот на преговори, како и за придобивките и обврските како граѓани на ЕУ;
- Обезбедување методолошка и процедурална поддршка на преговарачките структури и техничка и информатичка поддршка на процесот на преговорите;
- Зајакнување на регионалната соработка и дијалог со соседите.

Врз основа на стратешките насоки и идентификуваните предизвици, го подготвивме Стратешкиот план за 2026-2028 г., како целосно интегриран среднорочен развоен документ. Планот обезбедува континуитет на досегашните

активности, ги препознава идните предизвици и ги инкорпорира извлечените поуки, реална рамка на планирање, и чекор по чекор, систематско јакнење на структурите и капацитетите, соработка и инклузивност, еднакво разбирање и заедничка сопственост на процесот.

## 1.3 МИСИЈА

**Посветеност на реформите до целосна интеграција во Европската Унија**

*Доследно спроведување на политиките на Владата, во насока на целосна реализација на стратешката определба за членство во Европската Унија, посветени на отпочнување и завршување на преговорите, со квалитетна и ефикасна координација и поддршка на потребните реформи, ефикасно користење на средствата од претпристапните ИПА фондови, активна регионална соработка и партнерски дијалог со институциите на ЕУ, отворен дијалог со граѓаните, како и мобилизација на сите општествени ресурси.*

## 1.4 ВИЗИЈА

**Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија**

*Република Северна Македонија интегрирана во ЕУ, продолжува на патот на градење на модерно, европско, демократско општество, со прифатени заеднички вредности и принципи на демократија и владеење на правото, со европски демократски вредности на почитување на човековите права и слободата на изразување, со политика на дијалог и регионална соработка, како и со изградена одговорност кон користење на севкупните ресурси, заштита на животната средина и културното наследство, како залог за сегашните и идните генерации.*

## 1.5 ПРИНЦИПИ, ВРЕДНОСТИ И НАЧЕЛА

- (К)онтинуитет во процесот на пристапување
- (К)валитетна поддршка на Владата во реформските процеси и процесот на одлучување
- (К)оординација и консултација, ефикасни координативни структури во процесот на пристапување и преговори, како и користењето на ИПА претпристапните фондови
- (К)омуникација, внатрешна соработка, надворешна партиципација на граѓанскиот сектор, академската заедница, Собранието и целокупното општество

- (К)реација, професионалност, одговорност, стручност и мотивираност на вработените
- (К)олегијалност, тимска работа и солидарност на вработените
- (К)онсолидација на организациската структура и функциите во МЕП во насока на оптимален распоред на функции, ресурси и економично работење
- (К)валитет и стандарди – воведување и почитување на стандарди на квалитет (ИСО 9001:2015)
- (К)онтрола – внатрешна контрола и интегритет
- (К)омпјутеризација и развој на информатички системи и интерактивни платформи

## 1.6 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

Министерството за европски прашања работи на:

- Координација и усогласување на работата на органите на државната управа и другите органи и институции за подготовка за интеграција во Европската Унија;
- Координација и следење на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена меѓу Република Северна Македонија и Европските заедници и нивните земји членки и другите договори склучени меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија;
- Учество, координација и следење на работните тела формирани во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и другите договори со Европската Унија и обврските од втората фаза на ССА;
- Координација на процесот на пристапни преговори за членство во Европската Унија и учество во формулирање на преговарачките позиции;
- Координација на спроведувањето, мониторингот и известувањето за Реформската агенда 2024-2027
- Координација и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија;
- Подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија (acquis), превод на националното законодавство и градење терминолошки бази;
- Јакнење на институционалниот капацитет за водење на процесот на европска интеграција и континуирана надградба на стручните и аналитичките капацитети;
- Координација на помошта од Европската Унија и нејзините земји членки, како и координација на другата странска помош поврзана со реформите комплементарни на процесот на интеграција во Европската Унија и Реформската агенда/Инструментот за раст и реформи;
- Континуирано јакнење на спроведувањето на секторскиот пристап во ИПА II и ИПА III;
- Дефинирање на активности и рокови поврзани со програмирањето ИПА III, како и следење и евалуација на реализацијата на проектите под ИПА;

- Организирање и управување со Секторските работни групи за ИПА: планирање, подготовка и ревизија на секторските плански документи и акциските документи, како и активности за градење на капацитетите за програмирање;
- Соработка/координација со ЕУ/ДЕУ во врска со распределбата на средствата, во согласност со основните документи на ЕУ за програмирање на ИПА;
- Следење на спроведувањето на помошта доделена во рамките на ИПА, пред се преку планирање, организирање и известување за одржани состаноци на ИПА III Комитетот за следење и петте секторски комитети за следење и изготвување на ИПА Годишен извештај за имплементација.
- Информирање на Владата, ЕУ, јавноста и другите меѓународни институции за апсорпцијата на ИПА средствата;
- Водење евиденција за тековните и завршени активности финансирани од ЕУ и други донатори (База на податоци за помош на Централната донаторска помош - CDAD);
- Координирање на учеството во Програмите на ЕУ;
- Координирање на учеството во транснационалните и интер-регионалните програми за територијална соработка на ЕУ;
- Управување со индикативната листа со проекти;
- Учество на земјата во работните тела на Инвестициската рамка за Западен Балкан и аплицирање на повиците за техничка помош и инвестициски грантови во име на апликантите;
- Информирање и комуникација со јавноста за активностите поврзани со процесот на европската интеграција и европските прашања;
- Усогласување на работата на органите на државната управа како држава членка на Европската Унија.

## 1.7 СПЕЦИФИЧНОСТ

Работата на Министерството за европски прашања е уредена со Законот за организација на работата на органите на државна управа. Министерството за европски прашања има хоризонтална координативна функција за прашањата поврзани со подготовката за членство на МКД во ЕУ. Министерството остварува интензивна соработка со органите на државната управа и други органи и институции. Министерството остварува функција на мониторинг на обврските. Исто така МЕП може да креира и развива политики. Министерот за европски прашања е Главен преговарач и Национален ИПА Координатор и согласно Регулативите за ИПА II и ИПА III е должен да управува со фондовите кои ЕУ ги доделува на МКД за спроведување на реформите. Воедно, ја врши и функцијата Национален координатор за странска помош како и координатор за спроведувањето на Реформската агенда.

## 1.8 СТРУКТУРА

Министерство за европски прашања е државен орган раководен од министер за европски прашања (МЕП) кој ги има правата и должностите на функционер кој раководи со орган на државна управа.

Согласно законските прописи, уредби и систематизацијата на МЕП, Министерството за европски прашања има Државна секретарка, 3 државни советници, 2 посебни советници, 9 сектори со 29 одделенија и 1 независно одделение, и тоа:

Државни советници

- Државен советник за поддршка процесот на интеграција
- Државен советник за поддршка на процесот на интеграција
- Државен советник за координација на европски фондови и друга странска помош

Посебни советници

- Посебен советник за поддршка на процесот на интеграција/x2

Сектор за интеграција

•Одделение за правда, слобода и безбедност
•Одделение за внатрешен пазар и конкуренција
•Одделение за економско – финансиски прашања, царина и даноци
•Одделение за земјоделство и безбедност на храната
•Одделение за иновации, информатичко општество и социјална политика
•Одделение за транспорт, енергетика, животна средина и регионална политика

Сектор за стратешко планирање и поддршка на процесот на пристапување

• Одделението за поддршка на процесот на пристапување
• Одделение за стратешко планирање, градење на политики и мониторинг и техничко спроведување на ЕУ проекти

Сектор за координација на европски фондови и друга странска помош

• Одделение за програмирање на европски фондови
• Одделение за следење и евалуација на програмите на ЕУ
• Одделение за билатерална и мултилатерална помош
• Одделение за обука за ЕУ и користење на европските фондови
• Одделение за регистрација на проекти и управување со централната база на податоци за странска помош-ЦДАД
• Одделение за општи работи и внатрешна контрола

Сектор за подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија (acquis),

• Одделение за преведување и координација на процесот на преведување

- Одделение за јазична ревизија и терминологија

Сектор за организациски работи и односи со јавноста

- Одделение за односи со јавноста
- Одделение за протокол и организациски работи
- Одделение за преведување и лекторирање од албански јазик и други странски јазици

Сектор за општи и правни работи

- Одделение за административна поддршка и нормативно – правни работи
- Одделение за архивско работење
- Одделение за јавни набавки

Сектор за информатичка и комуникациска технологија

- Одделение за информационен систем
- Одделение за одржување и развој на софтверски програми

Сектор за финансиски прашања

- Одделение за буџетска координација
- Одделение за буџетска контрола
- Одделение за сметководство и плаќања

Сектор за управување со човечки ресурси

- Одделение за управување, стручно усовршување и права и одговорности од работен однос
- Одделение за вработување, унапредување, селекција и оценување на административните службеници

Одделение за внатрешна ревизија (независно одделение)

**Проектни единици:**

Во периодот 2026-2028 година, следните проектни единици ја поддржуваат работата на МЕП во процесот на преговори и спроведување на секторскиот пристап:

Проектот „Поддршка на Северна Македонија за пристапување во ЕУ", користи донација од Шведска и Швајцарија и кофинансирање од МЕП. Проектот се спроведува преку надворешен имплементатор УНОПС канцеларија Скопје. Целта на проектот „Поддршка на Северна Македонија за пристапувањето во ЕУ" е да ги поддржи пристапните преговори на Северна Македонија и успешното управување со целокупниот процес на интеграција во ЕУ. Времетраењето на проектот е до октомври 2027 година

- Проект "Knowledge for Reform Action in the Western Balkans". Се работи за регионален проект во кој сите земји од Западен Балкан се земји корисннички. Проектот е финансиран од страна на Владата на Кралството Норвешка

(земјите кориснички заедно имаат на располагање околу 6.000.000 евра финансиска помош), а е реализиран од страна на канцеларијата на УНОПС во Виена. Преку проектот, на земјите им се помага со советодавни услуги во процесот на европска интеграција. Активностите на проектот се фокусираат на областите енергетика, животна средина и транспорт, но помош може да се одобри и во други области на европска интеграција. Проектот е предвидено да се спроведува и заврши до крајот на 2025 година, со тоа што со одлука на донаторот (Владата на Кралството Норвешка), финансиската помош во 2025 година ќе се однесува на само веќе договорени активности (активности за кои се склучени договори) т.е. нови активности нема да се одобруваат. Во организациската структура на МЕП не функционира проектна единица за реализација на овој проект.

- Во функција на поддршка на целокупниот процес на интеграција во ЕУ, почнувајќи од септември, 2022 година и финансиран од ИПА Програмата, во МЕП функционира проект за поддршка на реформските политики, интеграција во ЕУ и ефективност (Project Support for Policy Reforms, Accession and Effectiveness - SUPRAE). Главната цел на проектот е да се поддржи пристапувањето на МК во ЕУ преку зајакнување на стратешкото планирање, известување и комуникација; воспоставување на рамката за пристапување (технички аспект); и подобрување на програмирањето, користењето и оценката на фондовите на ЕУ од страна на државните институции. Проектот ќе се спроведува и ќе заврши мај 2027 година и е планирано да испорача резултати на следните три нивоа (компоненти):

  - реформа на секторските политики,
  - поддршка на структурата за преговори со ЕУ и
  - управување со ЕУ фондови
  - комуникација и видливост

Проект за поддршка на капацитетите на МЕП за спроведување на ИРР, поддржан од ГИЗ кој обезбеди техничка помош за развој на ИТ платформа.

Министерството за европски прашања, имајќи го во предвид започнувањето на преговорите за членство со Европската Унија, како и потребата за зајакнување на административните капацитети, во моментов е во процес на подготовка на нова систематизација која ќе одговара на предизвиците кој ги наложува овој исклучително важен процес, како и на препораките произлезени од изработената функционална анализа на Министерството за европски прашања наложени од Новата методологија за преговори за пристапување на Европската Комисија.

## 1.9 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

*(МЕП нема органи во состав)*

## 1.10 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Стратешката определба на Владата за членство во ЕУ, продолжување на реформските процеси во процесот на пристапување кон Европската Унија и отпочнување на преговорите, воедно е и клучен стратешки приоритет на Министерството за европски прашања. За стратешки приоритет на Владата во 2024-28 година се утврдува: ***Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.***

Општата цел на стратешкиот план е создавање на заедничка, интегрална рамка, која содржи усогласени стратешки приоритети и цели:

- ***Стратешки приоритет 1: Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија преку исполнување на обврските од Спогодбата за асоцијација и стабилизација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија***

  *Цели во функција на приоритетот:*

  1. Ефикасна координација на процесот на пристапни преговори, вклучително на преговорачките позиции;
  2. Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА);
  3. Координација и следење на исполнувањето на реформски активности вклучително и одредниците за отворање на кластерите, времените одредници и одредниците за затворање на кластерот Фундаментални вредности и поглавјата;
  4. Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање, тековно ажурирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), со фокус на процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ;
  5. Квалитетна координација и спроведување на Планот за раст и Реформската агенда 2024-2027;
  6. Поддршка и квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување;
  7. Ефикасна координација на програмирање, следење, известување и евалуација на и градење на капацитети за спроведување на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош;
  8. Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis).

- ***Стратешки приоритет 2: Квалитетно управување со процесот на пристапни преговори со зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија во соработката со институциите на Европската Унија и на земјите членки на Европската Унија***

  *Цели во функција на приоритетот*

  1. Зајакнување на позицијата на МКД и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ и земјите членки;
  2. Операционализација на структурата за преговори и структурата за ИРР и јакнење на административните капацитети;
  3. Обезбедување квалитетна поддршка на Главниот преговарач и Групата за преговори и доследно исполнување на обврските како Секретаријат на преговарачката структура;
  4. Обезбедување квалитетна поддршка на Националниот координатор за ИРР и доследно исполнување на обврските како Секретаријат на структурата за ИРР;
  5. Квалитетна подготовка на аналитичкиот преглед и оценка на степенот на усогласеност на македонското законодавство со законодавство на Европската Унија;
  6. Поддршка во подготовката на извештаите од аналитичкиот преглед и формулирањето на преговарачките позиции;
  7. Зајакнување на капацитетите на ИПА структурите, особено за соодветно следење и известување за спроведувањето на ИПА програмите и проектите;
  8. Зајакнување на капацитетите за координација на учеството во транснационалните и интер-регионалните програми на ЕУ за територијална соработка
  9. Унапредување на ИТ платформите за планирање, мониторинг, известување и координација на процесот на преговори, вклучително и ПАФ;
  10. Поддршка и подобрување на работата на Секторските работни групи;
  11. Зајакнување на Центарот за обуки на МЕП и систематско јакнење на капацитетите во процесот на пристапување и преговори.
  12. Воспоставена координација, структура и процедури за спроведување на Реформската агенда

- ***Стратешки приоритет 3: Натамошен развој на европските демократски вредности во процесот на пристапување***

*Цели во функција на приоритетот:*

1. Навремено и континуирано информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и задржување на поддршката за процесот на европска

интеграција и процесот на преговори, вклучително Планот за раст и Реформската агенда 2024-2027;
2. Зајакнување на соработката со донаторите, граѓанскиот сектор и академската заедница, преку учество и консултации во процесот на креирање политики;
3. Развој на ЕУ портал за следење на преговорите и е-демократија;
4. Зајакнување на капацитетите на лицата задолжени за односи со јавноста во министерствата;
5. Зајакнување на мрежата на ИПА комуникациски координатори и координација на комуникациските активности за видливост на ИПА;
6. Интензивирање на регионална соработка и добрососедски односи.

Стратешките приоритети и цели ги обликуваат стратешките столбови на стратешката рамка. Приоритетите и целите се меѓусебно тесно поврзани, хоризонтално и вертикално и се меѓузависни, со што се зајакнува вмрежениот ефект и насоченоста кон единствената стратешка цел на Министерството и стратешката определба на Владата.

**Стратешката рамка е прикажана на следниот Дијаграм**

| | | |
|---|---|---|
| • *Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија преку исполнување на обврските од Спогодбата за асоцијација и стабилизација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија како и преку спроведувањето, следењето, известувањето, евалуацијата, ревизија и контрола на чекорите од РА* | • *Квалитетно управување со процесот на пристапни преговори со зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија во соработката со институциите на Европската Унија на земјите членки на Европската Унија* | • *Натамошен развој на европските демократски вредности во процесот на пристапување* |

| | | |
|---|---|---|
| • Ефикасна координација на процесот на пристапни преговори, вклучително и подготовките за билатералните состаноци и подготовка на преговарачки позиции;<br>• Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), со фокус на обврските кои се поврзани со преминот во втората фаза од ССА;<br>• Координација и следење на исполнувањето на реформски активности вклучително и одредниците за отворање на кластерите, времените одредници и одредниците за затворање на кластерот Фундаментални вредности и поглавјата;<br>• Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање, тековно ажурирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), со фокус на процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ;<br>• Квалитетна координација и спроведување на | • Зајакнување на позицијата на МКД и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ и земјите членки;<br>• Операционализација на структурата за преговори и структурата за ИРР и јакнење на административните капацитети;<br>• Обезбедување квалитетна поддршка на Главниот преговарач и Групата за преговори и доследно исполнување на обврските како Секретаријат на преговарачката структура;<br>• Обезбедување квалитетна поддршка на Националниот координатор за ИРР и доследно исполнување на обврските како Секретаријат на структурата за ИРР;<br>• Квалитетна подготовка на аналитичкиот преглед и оценка на степенот на усогласеност на македонското законодавство со законодавство на Европската Унија;<br>• Поддршка во подготовката на Извештаите од аналитичкиот преглед и формулирањето на преговарачките позиции;<br>• Зајакнување на капацитетите на ИПА структурите особено за соодветно следење и известување за спроведувањето на ИПА програмите и проектите;<br>• Зајакнување на капацитетите за | • Навремено и континуирано информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и задржување на поддршката за процесот на европска интеграција и процесот на преговори, вклучително и Реформската агенда 2024-2027;<br>• Зајакнување на соработката со донаторите, граѓанскиот сектор и академската заедница, преку учество и консултации во процесот на креирање политики;<br>• Развој на ЕУ портал за следење на преговорите и е-демократија;<br>• Зајакнување на капацитетите на лицата задолжени за односи со јавноста во министерствата;<br>• Зајакнување на мрежата на ИПА комуникациски координатори;<br>• Интензивирање на регионална соработка и добрососедски односи. |

| | | |
|---|---|---|
| Реформската агенда а 2024-2027;<br>• Поддршка и квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување;<br>• Ефикасна координација на програмирање, следење, известување и евалуација на и градење на капацитети за спроведување на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош;<br>• Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis). | координација на учеството во транснационалните и интер-регионалните програми на ЕУ за териоријална соработка;<br>• Унапредување на ИТ платформите за планирање, мониторинг, известување и координација на процесот на преговори;<br>• Поддршка и подобрување на работата на Секторските работни групи;<br>• Зајакнување на Центарот за обуки на МЕП и систематско јакнење на капацитетите во процесот на пристапување и преговори | |

## 1.11 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ(2024/2025)

Методологијата на изработка на стратешкиот план, како и неговото следење, е целно усогласена со организацијата на управување и клучните функции на Министерството за европски прашања:

- Поддршка на Владата во процесот на одлучување
- Координација во процесот на пристапување
- Координација и поддршка на пристапните преговори
- Координација на ИПА претпристапниот инструмент
- Координација на подготовката и спроведувањето на Реформската агенда 2024-2027 и следење на Планот за раст
- Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis)
- Информирање на јавноста, дијалог и соработка
- Јакнење на институционалните капацитети за ЕУ
- Информатички системи и платформи за поддршка на процесот

МЕП, согласно со своите надлежности, има воспоставено активности кои се спроведуваат на редовна основа, што обезбедува континуитет и поврзаност со идните активности. Затоа, освртот на постигнатите резултати ги вклучува и

клучните компоненти на функциите, нивниот опис, како и информации кои ги покажуваат резултатите со квалитативни и квантитативни индикатори.
Проектираните цели/резултати и активности, се групирани под секој стратешки приоритет/столб, но меѓусебно се хоризонтално/ вертикално поврзани низ сите стратешки цели со зајакнати влијанија во насока на приоритетите.
Министерството за европски прашања во изминатиот период (2024/2025) година, интензивно работеше во сите сегменти од негова надлежност.

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1:

КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА СО СТРУКТУРИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПРЕКУ ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД СПОГОДБАТА ЗА АСОЦИЈАЦИЈА И СТАБИЛИЗАЦИЈА И ДРУГИТЕ ПРАВНИ АКТИ КОИ ГИ РЕГУЛИРААТ БИЛАТЕРАЛНИТЕ ОДНОСИ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## Стратешка Програма 1 - Управување и координација со структурите во процесот на пристапување

### 1.11.1 Унапредување на системот за информирање на Владата и навремено донесување одлуки од аспект на евроинтеграциите

МЕП продолжи со редовно информирање на Генералниот колегиум на Владата за позициите на МЕП, по однос на бараните мислења и ставови за актите поврзани со ЕУ, како и редовно известување на работните тела на владините комисии за политички систем, за тековна економска политика и за унапредување на човечките ресурси. Владата е континуирано информирана за состојбите и напредокот во процесот на пристапување во ЕУ, поточно за степенот на реализација на обврските кои произлегуваат од годишните извештаи на ЕК, билатералните скрининзи, оценските мисии, Годишните извештаи за владеење на правото во рамки на Европскиот механизам за владеење на правото, ССА, Планот за раст и Реформската агенда 2024-2027 и активностите предвидени во НПАА, како и за состојбите и предизвиците во користењето и имплементацијата на фондовите од Европската Унија. Исто така, МЕП активно е вклучен во електронскиот систем на Владата за доставување на материјали. Се продолжи со праксата на навремено доставување на мислења по однос на законски решенија, одлуки и други акти поврзани со ЕУ со цел навремено и ефикасно донесување на одлуки.

### 1.11.2 Втора фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација

МЕП континуирано ги следи обврските кои произлегуваат од втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА 2 фаза).

### 1.11.3 Квалитетно управување со координативните структури во процесот на пристапни преговори, подготовка, планирање и доследно следење на

## Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) и Планот за раст и Реформската агенда

Координацијата на процесот на европска интеграција и понатаму се следи од веќе поставените координативни тела: Работниот комитет за европска интеграција (РКЕИ) кое претставува меѓуресорско тело за координација за прашањата поврзани со европската интеграција водено од министерот за европски прашања. Согласно Одлуката за воспоставување на структурата за преговори од октомври 2024 година, во составот на РКЕИ се вклучени и членовите на Преговарачката група за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (Група за преговори).

Во рамките на проектот „Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија“ ИТ се надгради НПАА платформата во МЕП во функција на поддршка на процесот на координација, НПАА порталот, базата на законодавни прописи (nlex база), процесот на подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis), координација на помошта од ЕУ и другата странска помош (ЦДАД база) и јакнење на административните капацитети. Воедно се унапредува и системот за следење на напредокот со систем за рано предупредување, како и системот за известување и генерирање на различни извештаи (седмични, месечни), како и тримесечни извештаи за Собранието и ЕК.

МЕП ја организира и координира подготовката на придонесите за годишниот извештај на Европската комисија, вклучително и придонесот (ноември/февруари), го консолидира и ревидира целокупниот материјал доставен од страна на надлежните институции и го доставува до ЕК.

Ќе се продолжи со организирање на редовни состаноци на РКЕИ и доследно следење на обврските од НПАА, како и натамошно подобрување на НПАА порталот и воспоставениот мониторинг механизам. Посебно внимание ќе се посвети на подобрување на мониторинг платформата за рано предупредување, како и јакнењето на стручните и аналитичките капацитети на НПАА работните групи.

Како Секретаријат на структурата за ИРР и координатор на првиот столб од Планот за раст кој се однесува на забрзаната интеграција на единствениот пазар на ЕУ, МЕП ги координира активностите за следење на реализацијата на чекорите од РА и инцијативите за забрзана интеграција, а во координација со МНРНТ и спроведувањето на обврските од вториот столб од Планот за раст кој се однесува на регионалната интеграција и активно ќе придонесува за квалитетна подготовка за учеството на македонската делегација на лидерските самити за Планот за раст. МЕП ќе продолжи да ја координираа подготовката на барањата за ослободување на средства од ИРР и годишниот извештај. МЕП ќе дава насоки на институциите и во координација со ЕК и Делегацијата на ЕК, ќе ја следи динамиката на спроведување на преземените обврски, за што редовно ќе ја известува Владата. Заклучно со март 2026 година до ЕК се доставени три барања за ослободување на средства од ИРР.

### 1.11.4 Годишна ревизија на НПАА

Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија за 2021-2025 година (НПАА) (усвоена од Владата во јуни 2021 г.) останува како клучен стратешки документ кој ја одразува динамиката на усогласување на националното законодавство со европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските модели (административни структури). Во оваа ревизија на НПАА, даден е и краток преглед на резултатите од спроведувањето на ССА во изминатиот дваесетгодишен период, и реформите, кои се исто така вградени во приоритетите на НПАА, со што се обезбедува континуитет во процесот на пристапување.

НПАА има јасно зацртани стратешки и реформски приоритети, со што Владата ја демонстрира својата политичка заложба и посветеност, но презема и одговорност за мобилизација на сите капацитети и ресурси потребни за спроведување на реформите во процесот на пристапување и одржливиот развој на земјата.

Клучните документи кои се основа за дефинирање на реформските приоритети се Преговарачката рамка усвоена од Советот на ЕУ во јули 2022 година скрининг извештаите за кластерите, годишните извештаи на ЕК, обврските од состаноците на телата на ССА, извештаите од оценски мисии и извештаите на други меѓународни тела. НПАА особено ги зема предвид и правните акти на ЕУ презентирани на објаснувачките состаноци за секое поглавје, во 2018 и 2019 година како и ажурираното acquis презентирано во текот на 2022/23 година, обврските преземени за време на билатералните скрининзи 2022/2023, скрининг извештаите за секој кластер и Извештајот на ЕК за Механизмот за владеење на правото претставуваат основа за градење на идните преговарачки позиции.

Методолошки и технички, стратешката рамка на НПАА е усогласена со стратешките приоритети, Програмата за работа и Годишната програма за работа на Владата, Програмата за економски платформи (ПЕР), среднорочната буџетска рамка, од ИПА 3, целите на ОН за одржлив развој од Агенда 2030 и други релевантни секторски стратешки документи.

Подготовката на годишната ревизија на НПАА се спроведува од страна на сите работни групи за подготовка на преговарачките позиции, а се координира, консолидира и анализира од страна на МЕП. Исто така, МЕП дополнително ја анализира конзистентноста на НПАА со Програмата за работа на Владата, Реформската агенда 2024-2027, ЕРП и други стратешки и програмски документи. НПАА се доставува до Собранието и се консултира со граѓанскиот сектор на посебно организирани средби.

Со усвојувањето на новата Методологија за преговори и воведувањето на системот на кластери, структурата на документот е изменета и поглавјата се групирани согласно кластерите и тоа: КЛАСТЕР 1: ОСНОВИ (Демократија, РЈА, 3.23-Правосудство и темелни права, 3.24-Правда, слобода и безбедност, Економски критериуми, 3.18 - Статистика,3.05 - Јавни набавки, 3.32 Внатрешна контрола), КЛАСТЕР 2: ВНАТРЕШЕН ПАЗАР (3.01 Слободно движење на стоки, 3.02 Слободно движење на работници, 3.03 Право на основање и слобода на давање услуги, 3.04 Слободно движење на капитал, 3.06 Право на трговски друштва, 3.07 Интелектуална

сопственост, 3.08 Конкуренција и државна помош, 3.09 Финансиски услуги, 3.28 Потрошувачи и јавно здравје, КЛАСТЕР 3: КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ (3.10 Информатичко општество и медиуми, 3.16 Оданочување, 3.17 ЕМУ, 3.19 Социјална политика и вработување, 3.20 Претпријатија и индустриска политика, 3.25 Наука и истражување, 3.26 Образование, млади, култура, 3.29 Царинска унија, КЛАСТЕР 4: ЗЕЛЕНА АГЕНДА и ОДРЖЛИВА КОНЕКТИВНОСТ (3.14 Транспортна политика, 3.15 Енергетика, 3.21 ТЕН, 3.27 Животна средина и климатски промени, КЛАСТЕР 5: РЕСУРСИ, ЗЕМЈОДЕЛСТВО и КОХЕЗИЈА (3.11: Земјоделство и рурален развој, 3.12 Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, 3.13 Рибарство, 3.22 Регионална политика и координација на структурни инструменти, 3.33 Финансиски и буџетски одредби), КЛАСТЕР 6: НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ (3.30 Надворешни односи, 3.31 Заедничка надворешна и безбедносна политика).

Документот се состои од: НПАА наративен дел и Анекси, и тоа: Анекс 1: План за хармонизација на законодавството со законодавството на ЕУ; Анекс 2: Институции; Анекс 3: Буџетски ресурси; Анекс 4: Странска помош; Анекс 5: Обуки (TAIEX). Анексите се подготвуваат врз основа на стандардизирани обрасци.

За време, и после секој годишен циклус на НПАА ревизија, МЕП врши длабинска анализа на методологијата и наодите, подготвува компаративни анализи и воведува корективни системи и нови елементи во методологијата и процесот на ревизија, планирање, мониторинг и управување со НПАА, како и анализа на конзистентноста со други стратешки и програмски документи.

За подготовка на годишната ревизија, дизајниран е НПАА портал – модул ревизија, кој ги следи сите чекори во процесот на ревизијата. Пристапот кон порталот е овозможен за сите НПАА работни групи, подгрупи и државни секретари.

Во наредниот период ќе продолжат активностите за пуштање во функција на НПАА платформата. Планот е да се иницира континуирано ажурирање на НПАА, со цел да се адресираат препораките и наодите од извештаите за скринингот за сите кластери како и наодите и препораките од следниот извештај на ЕК. Се очекува новата ревизија да биде финализирана со среднорочен план кој ќе го опфати периодот 2026-2030 година.

### 1.11.5 Доследно спроведување на обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација

МЕП го организира и спроведува редовниот циклус на состаноци, согласно воспоставениот мониторинг механизам за следење на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со ЕК. Циклусот на КСА/Поткомитети се усогласува секоја година со ЕК.

Распоредот на одржани и планирани состаноци за периодот 2024/2026 година е даден во следната табела (дел од состаноците се одржаа преку видеоконференциска врска):

| | Претходен | Следен |
|---|---|---|
| Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика | 23 јануари септември 2025 | Прв квартал 2026 |
| Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој | 12 ноември 2025 | Четврт квартал 2026 |
| Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција | 12 ноември  2024 | Прв квартал 2026 |
| Поткомитет за економски и финансиски прашања и статистика | 7 октомври 2025 | Четврт квартал 2026 |
| Поткомитет за земјоделство и рибарство | октомври 2025 | Четврт квартал 2026 |
| Поткомитет за трговија, индустрија, царина и даноци | 28 април 2025 | Втор квартал 2026 |
| Поткомитет за правда, слобода и безбедност | 13-14 март 2025 | Прв квартал на 2026 |
| Специјалната група за реформа на јавна администрација | 17 декември 2024 | Март 2026 |
| Комитет за стабилизација и асоцијација | 14 јули 2022 | 10 февруари 2026 |
| Совет за стабилизација и асоцијација | / | / |

Посебно внимание се посветува на подготовката, организацијата и следењето на циклусите КСА/поткомитети состаноци и обврските кои произлегуваат од заклучоците.

После секој состанок на КСА и поткомитетите се врши анализа на наодите и преземените обврски и се подготвува информација до Владата со насоки за преземање соодветни чекори и акции од страна на надлежните институции. Преземените обврски, со детален план на одговорности и рокови, се инкорпорираат во постојниот механизам за следење, преку редовните состаноци на РКЕИ.

Во наредниот период, доследно ќе се следат препораките и обврските од КСА и поткомитетите, како и обврските од извештаите на ЕК во однос на Република Северна Македонија, особено во контекст на пристапните преговори. Во партнерски дијалог со ЕК, МЕП ќе продолжи темелно да ги подготвува состаноците и да го

подобрува квалитетот на поднесените материјали и консултациите, особено ако се има предвид дека со новата методологија се предвидува состаноците на телата на ССА да се користат како механизам за следење на напредокот во преговорите и Реформската агенда.

### 1.11.6 Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis)

Правото на ЕУ (acquis) претставува инструмент за успешна интеграција, но неговото усвојување е услов, а не предмет на преговарање со Унијата. Оттука, преводот на правото на ЕУ претставува обврска на секоја земја кандидатка која мора да биде извршена со највисок квалитет и да се одвива континуирано, не само до пристапувањето во Европската Унија, туку и потоа. Квалитетна и навремена подготовка на правото на ЕУ претставува предуслов, како за успешно водење на преговорите така и за севкупниот процес на европската интеграција на државата.

Македонскиот јазик ќе ужива статус на еднаков и официјален јазик на унијата кога државата ќе стане нејзина полноправна членка. Преводот на правните акти на ЕУ мора да соодветствува со стандардите на македонскиот јазик, а истовремено да го одразува духот на евро-жаргонот, со што ќе се обезбеди негово збогатување, но и заштита, процес кој бара интензивна и континуирана работа, особено во годините што доаѓаат.

Преводот не е само „деловна активност“ на преведувачите. Развојот и зрелоста на преведувачката практика, особено на преводот на правото на ЕУ, се тесно испреплетени со јазичната политика и политиките за развој на сопствениот јазик и терминологија. Токму поради ова, но и поради фактот што ова е и мултидисциплинарен проект, мора околу него да се активираат академската и научната заедница, експертите од различните области, граѓанскиот сектор, како и сите заинтересирани страни кои активно би се вклучиле во создавањето на терминологија од правото на ЕУ. Сега е моментот да ги искористиме можностите и да придонесеме за стандардизација на сопствениот јазик во аспекти каде тоа сè уште не е сторено, што е исклучително важно во случајот на македонскиот јазик. Мора да се засили истражувачката дејност од областа на евро-жаргонот, поточно правниот јазик на ЕУ, со цел да се дополнат стари и да се креираат нови поимници и терминолошки бази од специјализирани области. Употребата на усогласена и верификувана терминологија е предуслов со кој успешно ќе се реализира процесот на подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis), од една страна, но од друга, ќе се избегнат лошите практики и финансиските импликации во иднина кои би произлегле од неточни и неусогласени верзии на преводот на правото на ЕУ (acquis).

Заради ефективно имплементирање на законодавството на Унијата, четири суштествени фази кои треба особено да бидат земени предвид се: транспонирање, примена, усогласеност и спроведување. Како предуслов и прв најзначаен чекор, кој

истовремено е постојан и се одвива и откако земјата ќе стане полноправна членка на ЕУ, е преводот на правото на ЕУ (acquis).

Министерството за европски прашања ја координира подготовката на националната верзија на правото на ЕУ (acquis), поточно Секторот за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis) во рамките на Министерството. Овој важен сегмент од преземените обврски за членство во ЕУ бара квалитетна национална верзија на правните акти на Европската Унија на македонски јазик, нивна јазична, стручна и правна ревизија, што претставува сложен и долготраен процес, кој се одвива во повеќе фази и кој во себе вклучува обемна структура професионалци - преведувачи, правни и стручни ревизори, јазични ревизори, документалисти и ИТ-лица, експерти од сите области опфатени со правните акти на ЕУ, научната и академската заедница и други заинтересирани страни. Покрај огромниот корпус на правните акти на ЕУ, постои обемен корпус на национално законодавство и голем број клучни документи важни за преговорите и евроинтегративниот процес, кои исто така треба да се преведат и јазично да се ревидираат, а овој потфат бара утврдена методологија, јасно дефинирани стандарди и процедури, но и постепено и континуирано јакнење на внатрешните и на надворешните капацитети вклучени во процесот заради подигнување на нивото на квалитет на финалните резултати.

Секторот за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis) има воспоставено процедури и утврдена методологија за работа преку соодветни прирачници и упатства за процесот на подготовка и превод на националната верзија на правото на ЕУ (acquis) и за превод на националното законодавство/релевантните документи за евроинтегративниот процес на земјата, кои редовно ги применува во секојдневната работа.

Методолошкиот пристап преку кој се обезбедува конзистентност при преведувањето и воспириемањето на карактеристични термини, насоки кои содржат унифицирање на преводите на одделни делови на правните акти, земајќи ги предвид прописите на македонскиот јазик, како и спецификата на јазикот/стилот на правните акти на Европската Унија е содржан во: „Прирачник за преведување на правните акти на ЕУ“, „Прирачник за преведување на правните акти на Република Северна Македонија“, „Техничко упатство за уредување документи при преведување на правните акти на ЕУ“, како и поголем број поимници со специфична терминологија од различни области на правото на ЕУ. Овој корпус преставува основа за обезбедување квалитетни резултати, но и поуниформен пристап, не само во однос на фазата на преводот, туку и во сите понатамошни фази. Од особена важност за униформноста е постојаното развивање терминолошки бази потребни за извршување на ваквата комплексна задача, со што финалните верзии од националното законодавство ќе добијат конзистентна и верификувана терминологија, како предуслов за изработка на сигурен извор за правата и обврските на нашите граѓани. Како дел од воспоставениот механизам за следење на

динамиката на подготовка на национална верзија на правото на ЕУ (acquis), на редовна основа, се следи бројот на преведени страници од правни акти на ЕУ, национални правни акти и документи од важност за процесот на европската интеграција, имајќи ја предвид особеноста на правото на ЕУ (acquis) да претставува „движечка цел“, чија бројка постојано се менува.

Човечките капацитети во СПНВПЕУ се обучени за работа со специјализирани преводни алатки, софтвери и програми но, последните неколку години истите драстично се намалуваат и не се ни приближно доволни за да одговорат на претстојните предизвици, особено со отпочнувањето преговори со Европската Унија. Оттука, политиката на задржување стари кадри, нивна конзистентна обука, но и привлекување на нови мора да биде приоритет на Владата, ако се има предвид не само стратешката цел членство во ЕУ, туку и **Општиот став на ЕУ, изразен во делот „Суштината на преговорите“, точка 22, последен параграф: „...*Северна Македонија ќе треба навремено да направи преводи на правото на ЕУ (acquis) на македонски јазик пред пристапувањето и ќе треба да обучи доволен број преведувачи и толкувачи потребни за правилно функционирање на институциите на ЕУ по нејзиното пристапување.*“**

Заради обезбедување континуитет и навремена поддршка на процесот на транспонирање на правото на ЕУ во националното законодавство, од 2021 година се применува комбиниран модел на работа кој вклучува ангажирање на внатрешни и надворешни преведувачки ресурси. Овој модел овозможува флексибилност во управувањето со обемот на работа и прилагодување на динамиката на преводите на потребите на процесот на европска интеграција.

Во изминатите четири години, Владата континуирано обезбедува буџетски средства во висина од 20.000.000,00 денари (со ДДВ) на годишно ниво, преку јавна набавка за услуги за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ со времетраење од една година. Сепак, со оглед на интензивирањето на односите со Европската Унија и зголемувањето на обемот и комплексноста на задачите, се наметнува потребата буџетските средства за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis), со сите нејзини фази, да се планираат за повеќегодишен период, со цел обезбедување непречено и континуирано спроведување на процесот. Во таа насока, во 2025 година е направен исчекор со зголемување на буџетските средства на 28.470.000,00 денари, при што значителен дел од средствата (приближно 15.000.000,00 денари) се наменети за превод на документи поврзани со Реформската агенда 2024–2027, како инструмент за реформа и раст. Ова зголемување директно се одразува и во постигнатите резултати прикажани во табелите подолу.

Само за илустрација, со ваков комбиниран начин на управување со процесот, СПНВПЕУ за кратко време ги оствари следниве резултати:

**Резултатите за 2025 година, се следниве:**

| ПРЕВОД 2025 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| **Извор на превод** | **ЕН-МК** | **МК-ЕН** |
| Внатрешен превод | 1430 | 219 |
| Тендер 2025/26 МЕП (дел 1 – ЕН-МК) | 709 | |
| Тендер 2025/26 МЕП (дел 2 – МК-ЕН) | | 690 |
| УНОПС МК2 | 33158 | |
| **Вкупно** | **5297** | **909** |


| ПРЕВОД 2025 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| **Извор на превод** | **ЕН-МК** | **МК-ЕН** |
| Внатрешен превод | 1430 | 219 |
| Тендер 2025/26 МЕП (дел 1 – ЕН-МК) | 709 | |
| Тендер 2025/26 МЕП (дел 2 – МК-ЕН) | | 690 |
| УНОПС МК2 | 33158 | |
| **Вкупно** | **5297** | **909** |


Табела 1 и 2 - Постигнати резултати СПНВПЕУ 1

Само за илустрација, резултатите остварени во 2025/26 година, прикажани во табелите, јасно ја отсликуваат примената на комбинираниот модел и учеството на различни извори на превод (внатрешни ресурси, јавни набавки и проекти имплементирани преку УНОПС). Прикажаните бројки се однесуваат на преведени и јазично ревидирани и лекторирани страници, распределени по јазична насока (ЕН–МК и МК–ЕН).

Податоците за 2025/26 година укажуваат на значително помал обем на превод во споредба со другите години, што е директна последица на временската рамка потребна за распишување и склучување нова рамковна спогодба. Оваа состојба дополнително ја нагласува потребата од воспоставување повеќегодишни рамковни договори, со што би се избегнале прекини во процесот и би се обезбедил континуитет во реализацијата на активностите.

Прикажаните резултати ја демонстрираат јасната заложба на Секторот за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ, а со тоа и на Министерството за европски прашања, за систематско и ефикасно унапредување на процесот. Истовремено, неопходно е да се има предвид дека наведените бројки претставуваат само еден сегмент од вкупниот процес, односно број на преведени и јазично ревидирани и лекторирани страници, кои потоа мора да поминат и стручна и правна ревизија, пред нивната верификација и финален преглед.

Со оглед на тоа дека подготовката на националната верзија на правото на ЕУ претставува единствена обврска на државата преземена со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, неопходно е да се обезбеди континуитет во доделувањето на буџетските средства, како и соодветно јакнење на кадровските капацитети на Секторот, со цел квалитетно планирање, организирање и реализација на целиот процес.

Од особена важност е да се спомене преводот на примарното законодавство на ЕУ, со што во моментов е заокружена фазата на превод на севкупното примарно законодавство, кое претставува појдовна основа за понатамошните фази. Имено, стручната и правната ревизија на примарното законодавство е основа за сите идни работи за правна ревизија на секундарното законодавство (терминологијата содржана во Основачките и договорот за пристапување треба постојано да се користи во секундарното законодавство) и треба да се дефинира во раните фази на пристапниот процес, за што ни е неопходно воспоставување стручна и правна ревизија во најскоро време.
Преводот на правото на ЕУ (acquis) и на националните правни акти треба да се сфати како составен дел од целиот процес на усогласување и хармонизација во однос на интеграцијата во ЕУ. Од суштинско значење е правните акти да бидат преведени пред нивното транспонирање во национални акти. Идеално, при поднесување на нов национален нацрт-закон (веќе усогласен со acquis) за усвојување, покрај изјавата за усогласеност со правото на ЕУ, да биде приложен превод на македонски јазик на оригиналниот акт од ЕУ - претходно ревидиран од експерти, лингвисти и правници.
Од друга страна, потребни се средства и човечки ресурси во Секторот, за да се постигне посакуваната динамика во однос на преводите на македонското законодавство и други документи од важност за евроинтегративниот процес. Преводите на македонските правни акти усогласени со правото на ЕУ (acquis) треба да им се достапни на институциите на ЕУ што се надлежни за следење на постигнатиот напредок во приближувањето на законодавството со правото на ЕУ.

**Краткорочна цел**

- **Навремен и квалитетен превод на правото на ЕУ (acquis)**

Превод на правото на ЕУ (acquis), како и на соодветното национално законодавство и релевантните документи за процесот на преговори, во согласност со стратешките приоритети на Владата (НПАА, ССА и сл.).

Преструктуирање на Секторот во централно тело за координација на процесот, преку следните приоритетни активности:

**• Итно зајакнување на човечките ресурси**
– унапредување и задржување на постојните кадри и вработување нови;
– воспоставување функционална, мала и флексибилна структура (минимум 20 лица) способна да одговори на постојаната и променлива динамика на процесот на интеграција.

**• Ревизија и унапредување на прирачниците за преведување**
– ревизија на прирачниците за преведување на правните акти на ЕУ и на националното законодавство;
– нивно развивање како „живи“ методолошки алатки што се прилагодуваат со развојот на преведувачката практика, со цел висок квалитет и максимална униформност во преводите.

**• Ревизија и развој на поимници од правото на ЕУ**
– дополнување на постојните поимници и изработка на нови;
– тесна соработка со органи, тела и институции стручни во областите од поглавјата на acquis.

**• Централизирана контрола и управување со процесот**
– градење на Секторот како централна точка за планирање, координација и следење на сите фази;
– користење надворешни ресурси за превод и стручна и правна ревизија, со задржување на контролата на централно ниво.

**• Јакнење на терминолошките капацитети**
– вработување или оспособување терминолози;
–обновување и систематско градење терминолошки бази како предуслов за конзистентна и верификувана терминологија во националното законодавство.

**• Вработување клучни профили**
– вработување лектор и правник, неопходни за обезбедување јазична и правна сигурност во процесот.

**• Формирање Тело за терминологија**
– тело составено од претставници на СПНВПЕУ/МЕП, научната и академската заедница и стручни лица;
– унифицирање и верификација на терминологијата од правото на ЕУ;
– проверка на терминологијата во нацрт-верзиите на националното законодавство;
– јавно ставање на располагање на усвоените решенија преку терминолошки бази, јазичен корпус и инструкции.

**• Зајакната соработка со МАНУ**
– интензивна соработка со Лексикографскиот центар „Георги Старделов“ при МАНУ;
**• Искористување на донаторската поддршка и дигитализација**
– користење на средствата од програмата „Нордиска поддршка за напредокот во Северна Македонија“, имплементирана преку УНОПС;
– развој на платформа за управување со работниот тек, со акцент на електронски, процеси ослободени од хартија и јавна достапност.

**• Континуирана меѓуинституционална координација**
– засилена соработка со институциите и секторите за европска интеграција;
– подобро планирање и координација на преводите, особено во контекст на објаснувачките состаноци, скринингот и преговорите.

**• Подобрување на планирањето на преводите (СИГМА 2019)**
– донесување владина одлука со која потребите за превод ќе се планираат 6–12 месеци однапред;
– користење на НПАА како алатка за навремено планирање, наместо *ад хок* барања;
– поимање на преводот како повеќефазен процес што вклучува и ревизии и верификација.

Среднорочна цел

**• Целосна правна и терминолошка стабилизација на преводите**
– стручна и правна ревизија на примарното законодавство на ЕУ како основа за терминолошка конзистентност;
– јасна диференцијација и стандардизација на проблематични и повеќезначни термини;
– зајакната соработка со Секретаријатот за законодавство и правните експерти.

**• Основање Тело за верификација**
– воспоставување на највисоко ниво на контрола во процесот;
– избегнување доцни корекции и ризици за рокот на пристапување.

**• Продлабочување на комбинираниот модел**
– континуирана соработка со надворешни ресурси;
– паралелно јакнење и проширување на внатрешните капацитети.

**• Ревизија на постојните преводи**
– стручна и правна ревизија на претходно преведените ЕУ акти според утврдената терминологија;

– позиционирање на СПНВПЕУ како централна точка за терминолошко усогласување.

• **Транспарентност и достапност**
– воспоставување јавно достапна база на преведени и верификувани акти;
– развој на верификувана терминолошка база и поимници за целата администрација.

• **Континуирана вклученост во преговорите**
– постојана инволвираност на внатрешните ресурси во скринингот и преговорите;
– навремено следење на новините и терминологијата.

**Долгорочна цел**

• **Целосна и верификувана национална верзија на acquis**
– превод на целокупното право на ЕУ и релевантното национално законодавство;
– сите текстови да ги поминат сите нивоа на јазична, стручна и правна ревизија.

• **Одржлива терминолошка инфраструктура**
– развиени терминолошки бази со конзистентна и веродостојна терминологија;
– целосна компатибилност и интеграција со терминолошката база на ЕУ – ИАТЕ по пристапувањето.

• **Институционална зрелост и континуитет**
– воспоставен стабилен систем за управување со знаење, процеси и човечки ресурси;

– долгорочна одржливост на подготовката на националната верзија на правото на ЕУ;

Навигацијата низ овој сложен и повеќеслоен процес бара нијансирано разбирање од највисоките владини нивоа, на целокупниот пејзаж на управување со процесот, комплексноста на процедурите кои мора да се политуваат, како и нивоата на контрола, методологиите и алатките за работа. Ваквото поимање е предуслов за навремено и ефикасно надминување на предизвиците на патот кон пристапувањето во Европската Унија и кон остварувањето на крајната цел - *Квалитетна национална верзија на правото на Европската Унија* (*acquis*), која ќе претставува сигурен извор на правата и обврските кои произлегуваат за македонските граѓани, објавена во *Службениот весник на Европската Унија* на македонски јазик.

### 1.11.7 Ефикасна координација на програмирање, спроведување и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош

Национален ИПА координатор (НИПАК) – Министерот за европски прашања (МЕП) е задолжен за вкупната координација на процесот на програмирање на ИПА инструмент на Европската Унија. НИПАК обезбедува тесна врска меѓу општиот процес на пристапување и користењето на финансиската помош од Унијата и е одговорен за програмирање, следење, известување, евалуација, комуникација и зајакнување на капацитетите на ИПА структурите. Секторот за координација на европски фондови и друга странска помош при Министерството за европски прашања (МЕП) постапува како оперативна служба на НИПАК (НИПАК секретаријат). Во исто време НИПАК ја врши и улогата на Национален координатор за странска помош. Овие две интегрирани функции, МЕП и НИПАК, имаат исклучително политичко и стратешко значење, како за процесот на пристапување и преговори, така и за националната стратешката реформска рамка, националните развојни приоритети и нивното долгорочно насочување кон приоритетите на ЕУ и подготовка за црпење на фондовите на ЕУ, како идна земја членка.

Програмирањето на ИПА и друга странска помош и насочувањето кон приоритетите на ЕУ, е, исто така, исклучително важно за подготовка на НПАА приоритетите, стратешките планови на институциите и програмирањето на сопствените буџетски средства. Во услови на ограничени ресурси, усогласеното програмирање на среднорочните и долгорочните приоритети утврдени во НПАА кон ЕУ приоритетите ќе обезбедат одржливост на сопствените реформи во исполнувањето на критериумите, избалансираност на националните и ЕУ приоритетите и оптимален распоред на ресурси.

Координацијата на програмирањето и следењето на ИПА инструментот има за цел: да се дефинираат односите и одговорноста меѓу соодветните институции на национално ниво вклучени во процесот на ИПА - програмирање, особено нагласувајќи ја подготовката, оцената и изборот на проекти за ИПА; да се подобри ефикасноста при искористување на средства од ИПА, односно да се изгради административен капацитет за успешно користење и да се подобри економичното искористување на средствата; и да се подобри меѓуминистерската координација и соработка.

МЕП е исто така вклучен во процесот на подготовка и следење на спроведувањето на Оперативните програми. Редовно се одржуваат состаноци на заеднички ИПА комитетот за следење, како и на ИПА секторските комитети за следење, на кои се донесуваат заклучоци кои се спроведуваат тековно, а реализацијата на истите се следи на состаноците на ИПА секторските комитети за следење и ИПА комитетот за следење.

### 1.11.7.1 Инструмент за претпристапна помош (ИПА)

На 15.9.2021 година, Европскиот парламент и Советот ја усвоија Регулатива (ЕУ) бр.1529/2021за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (во натамошниот текст: „Регулативата за ИПА III"). Овој документ претставува правна основа за обезбедување на финансиска помош за корисниците на ИПА III, во нивните напори за донесување и спроведување на политичките, институционалните, правните, социјалните и економските реформи кои се бараат заради усогласување со вредностите на Унијата и постепено усогласување со правилата, стандардите, политиките и практиките на Унијата, со цел членство во Унијата. На 15 декември 2021 година, Комисијата донесе Регулатива (ЕУ) бр. 2236/2021 за посебните правила за спроведување на Регулативата (ЕУ) 1529/2021 на Европскиот парламент и на Советот за ИПА III, со која ги утврдуваат применливите одредби за управување и контрола. Во јуни 2022 година Владата ја усвои Информацијата за потпишување Рамковна спогодба за финансиско партнерство помеѓу ЕК и МКД застапувана од Владата за посебните постапки за спроведување на финансиската помош од Унијата за МКД според Инструментот за претпристапна помош (ИПА III). Рамковната спогодба за финансиско партнерство е ратификувана од Собранието и објавена во Службен весник бр. 235 од 04.11.2022 година.

Акциските фишеа за ИПА 2023 се доставени до ЕК на15 јули 2022 година. Меѓутоа во октомври 2022 година Комисијата одлучи средствата од ИПА 2023 да ги алоцира за поддршка на буџетска поддршка за справување со енергетската криза во износ од 80 милиони евра. Така, оние акциски фишеа кои по процедура се подготвени и доставени во ЕУ ќе се префрлат за финансирање во ИПА 2024, следејќи ги правилата за програмирање.

Во ноември 2023 година, Акциските документи за Годишната акциска програма за 2024 и Акциските фишеа за Секторските оперативни програми за животна средина, транспорт и социјала за периодот 2024 – 2027 беа доставени до Европската комисија. Во текот на јули 2024 година е доставена Финансиската спогодба за Акциската програма за 2024 година и истата е во Владина процедура за одобрување. Финалните верзии на ИПА 2025-2027 програмските документи се доставени до ЕК во мај 2025 година и се очекува потпишување на финансиските спогодби во септември 2025 година. Финансиските спогодби за трите Оперативни програми сѐ уште не се доставени заради паралелниот процесшто се одвива во Европската комисија за акредитација на националната ИПА структура.

Годишната акциска програма за 2024 година содржи:

| | ВКУПНО | ЕУ | НАЦИОНАЛНО КОФИНАНСИРАЊЕ | ТРЕТА СТРАНА |
|---|---|---|---|---|
| Механизам за поддршка на процесот а Европска интеграција | 15.000.000 Евра | 15.000.000 Евра | | |
| ЕУ за здравство | 14.160.000 Евра | 12.000.000 Евра | 2.160.000 Евра | |
| ЕУ за права и безбедност | 12.000.000 Евра | 11.500.000 Евра | 200.000 Евра | 300.000 Евра |
| ЕУ за економска кохезија | 20.635.000 Евра | 20.100.000 Евра | 535.000 Евра | |
| ВКУПНО | 61.795.000 Евра | 58.600.000 Евра | 2.895.000 Евра | |

ИПА 2025-2027 Повеќегодишни програми

| Наслов на акциски документ (АФ) | ИПА 2025 | ИПА 2026 | ИПА 2027 | Вкупно по АФ |
|---|---|---|---|---|
| АФ ЕУИФ | 10.000.000 | 2.000.000 | 18.000.000 | 30.000000 |
| АФ ЕУ за модерни образовни вештини | 5.000.000 | - | - | 5.000.000 |
| АФ ЕУ за владеење на правото | - | 10.000.000 | 5.000.000 | 15.000.000 |
| АФ ЕУ за добро владеење | - | 8.000.000 | 9.000.000 | 17.000,000 |
| Вкупно по година | 15.000.000 | 20.000.000 | 32.000.000 | 67.000.000 |

ИПА 2024-2027 Секторски оперативни програми

| ИПА III СОП 2024-2027 | **ИПА Ко-финансирање** | **Национално ко-инансирање** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| СОП Транспорт 2024-2027 | 50.000.000 | 43.301.000 | 93.301.000 |
| СОП животна 2024 - 2027 | 70.000.000 | 19.300.000 | 89.300.000 |
| СОП вработувања и можности 2024 - 2027 | 40.000.000 | 9.668.041 | 49.668.041 |
| ***ВКУПНО СОП:*** | ***160.000.000*** | ***72.269.041*** | ***232.269.041*** |

Следењето на имплементацијата на ИПА средствата се спроведува на три нивоа – на ниво на земјата, на секторско ниво и на ниво на проект/договор. Главни инструменти за следење на ниво на земјата се ИПА Комитетот за следење и ИПА Годишниот извештај за имплементација, додека пак на ниво на сектор се петте ИПА III секторски комитети за следење (СКС). ИПА III Комитет за следење е воспоставен согласно член 52 од Рамковната спогодба за финансиско партнерство за ИПА III, а СКС се воспоставени согласно член 53 од истата спогодба. Во 2023 година мандатот на сите комитети за следење беше проширен со донесување нов деловник за работа за секој комитет, со цел да се опфати ИПА III покрај ИПА II и ИПА.

Комитетите за следење служат како платформа за имплементација на ИПА т.е. за следење, известување и евалуација на имплементацијата на ЕУ помошта како и на поврзаната помош од други донатори, влучувајќи ги тука и заемите. Тие ги разгледуваат прашањата поврзани со имплементацијата на програмите и проектите кои се спроведуваат по пат на индиректно и директно управување со средствата. Во нивната работа учествува широк дијапазон на учесници меѓу кои претставници од националните институции, Европска комисија, Делегацијата на Европска унија, меѓународни и регионални организации, агенции на ООН, донатори, меѓународни финансиски организации, амбасадите на Државите членки на ЕУ и граѓанските организации. Преку нив се воспоставуваат силни партнерства, се спроведува меѓу институционална координација, и се зголемува транспарентноста на сите активности на националните институции во поглед на спроведувањето на ИПА.

НИПАК копретседава со комитетите за следење а НИПАК Секретаријатот ја врши функцијата Технички секретаријат на сите комитети за следење, и ги изготвува и доставува до нив сите неопходни документи пропишани со деловниците за работа а пред се оперативните заклучоци и препораки. Во моментот кога задачите за имплементација на буџетот за трите Оперативни програми во рамките на ИПА III (транспорт, животна средина и човечки капитал) кои се спроведуваат по пат на индиректно управување ќе им бидат доверени на соодветните тела за управување, тие ќе ја преземат од НИПАК улогата на Технички секретаријат и ко-претседавач на двата секторски комитети за следење ( СКС за транспорт, животна средина и климатска акција и СКС за образование, вработување и социјална политика и здравство ).

Системот за следење на ниво на проект/договор е воведен со Прирачникот за внатрешните постапки за работа за НИПАК и телата за управување согласно ИПА III и истиот ќе започне со примена со целосно отпочнување на имплементацијата по пат на индиректно управување на трите по горенаведени ИПА III оперативни програми. Согласно Прирачникот посетите на проектите на лице место во тек на имплементацијата ги преземаат телата за управување, како и телата за посредување во финансиското управување и телата за посредување во управувањето со политики, и Одделението за поддршка на НАО (само во врска со одржливоста на проектите) и по спроведена проценка на ризиците. Истиот предвидува и постапка за организирање посети за следење, вклучувајќи и проверки на лице место и од страна на НИПАК Секретаријатот. Министерството за европски прашања редовно учествува, најчесто во својство на набљудувач без право на глас во работата на управните одбори за следење на проектите/договорите преку именувани претставници од редовите на НИПАК Секретаријатот и секторот за интеграција.

НИПАК Секретаријатот редовно го изготвува консолидираниот годишен распоред на состаноци на ИПА Комитетот за следење и на СКС. Состаноците на Комитетот

за следење на ИПАРД не се дел од овој распоред затоа што истите се предмет на договор помеѓу телото за управување со ИПАРД во рамките на МЗШВ и ДГ АГРИ.

Сите планирани состаноци на Секторските мониторинг комитети се одржани во 2025 година додека годишниот план за состаноци на Секторските мониторинг комитети за 2026 година веќе е подготвен.

### 1.11.7.2 Програми и Агенции на Унијата

Програмите на Унијата претставуваат интегриран пакет на активности усвоен од ЕУ, со цел унапредување на соработката помеѓу земјите членки во разни области поврзани со политиките на Унијата, во период од неколку години.
Примарна цел на Програмите беше приближување на политиките и активностите на Европската Унија кон европските граѓани, како и креирање додадена вредност од ЕУ за националните напори на земјите членки во дадена област. Во Програмите можат да учествуваат сите правни субјекти, а во одредени случаи и физички лица (поединци) од тие држави.
Министерството за европски прашања обезбедува кофинансирање на влезните билети за програмите и агенциите на Унијата во кои земјата е член во рамки на ИПА инструментот. Започнувајќи од 2022 година, ИПА учеството се обезбедува во рамки на планирањето на годишните повеќе-кориснички ИПА програми.

Министерството за европски прашања, односно НИПАК секретаријатот успешно го спроведе и процесот на координација на подготовка на ИПА – ИПА програмите за прекугранична соработка во кои учествува Република Северна Македонија, односно програмите со Албанија – во која ја имаме водечката улога, со Србија и со Косово 2021-2027. Во рамки на овој процес беа спроведени широки консултации со националните и локални институции, како и со потенцијалните корисници на идните програми. Процесот се одвиваше во тесна соработка со Министерството за локална самоуправа како назначена оперативна структура од НИПАК во рамки на ИПА 2 и ИПА 3, оперативните структури од соседните држави – учесници во програмите, ДЕУ, како регионалниот проект *CBIB,* техничката помош во рамки на ИПА 2 програмите за прекугранична соработка (заедничките технички секретаријати и антени). Во рамки на процесот на подготовка на сите три програми беа формирани заеднички тела за програмирање, надлежни за носење на одлуките. Беа спроведени серија билатерални технички состаноци, како и серија состаноци на заедничките тела за програмирање.. Преку овие програми во тековниот седумгодишен период се обезбедува поддршка преку кофинансирање на активности, односно проекти во рамки на следните кластери и тематски приоритети:

**Северна Македонија- Албанија (Индикативен буџет од ЕУ 11.900.000 евра, најмногу до 85% од вкупните трошоци). Спогодбата за финансирање е потпишана од НИПАК на МК и останатите потписници во 2023 година.**

Тематски кластер (TC) 2: Позелена и подобрена ефикасност на ресурсите
Тематски приоритет 1: Заштита на животната средина, прилагодување и ублажување на климатските промени, спречување и управување со ризик
(TP 2)
Тематски кластер (TC) 4: Подобрена бизнис клима и конкурентност
Тематски приоритет 2: Поттикнување на туризмот и културното и природното наследство (TP 5)
Тематски приоритет 0: Техничка помош

**Северна Македонија- Србија (Индикативен буџет од ЕУ 8.400.000 евра, најмногу до 85% од вкупните трошоци). Спогодбата за финансирање е потпишана од НИПАК на МК и останатите потписници во 2023 година.**

Тематски кластер: Зголемени можности за вработување и социјални права
Тематски приоритет 1: Вработување, мобилност на работна сила и прекугранична културна инклузија
Тематски кластер: Подобрена бизнис клима и конкурентност (TC4)
Тематски приоритет 2: Поттикнување на туризмот и културното и природното наследство (TP5)
Тематски приоритет 0: Техничка помош

**Северна Македонија - Косово (Индикативен буџет од ЕУ 8.400.000 евра, најмногу до 85% од вкупните трошоци). Спогодбата за финансирање е потпишана од НИПАК на МК и останатите потписници во 2023 година.**

Тематски кластер: Бизнис околина и конкурентност-TC4
Тематски приоритет 1: зголемување на конкурентноста бизнис и развој на мали и средни претпријатија, трговијата и инвестициите - (TP8)
Тематски кластер : Позелена и подобрена ефикасност на ресурсите -TC2
Тематски Приоритет 2: Заштита на животната средина, прилагодување и ублажување на климатските промени, спречување и управување со ризик- (TP 6)
Тематски приоритет 0: Техничка помош

Покрај подготовката на ИПА – ИПА програмите за прекугранична соработка за 2021-2027 година, НИПАК секретаријатот учествуваше и во процесот на подготовка на програмите за прекугранична соработка на Република Северна Македонија со Република Грција и со Република Бугарија за 2021-2027 година. Во рамки на овие програми одобрено е финансирање по еден стратешки проект, и тоа стратешки проект поврзан со Граничниот премин Маркова Нога-Лаимос во рамки на програмата со Грција и стратешки проект поврзан со Граничниот премин Клепало – Струмјани во рамки на програмата со Бугарија. Спогодбите за финансирање се потпишани и за овие програми, а МЕП со свои претставници учествува во работата на комитетите за следење на истите. Меѓусебните односи помеѓу НИПАК и Министерството за локална самоуправа во врска со програмите на ЕУ за преку – гранична соработка во кои учествува МК се уредени со Меморандум меѓу НИПАК и

МЛС потпишан на 02.05.2023 година, со кое потпишување е заокружено делегирањето на координацијата на овие програми од страна на НИПАК кон Министерството за локална самоуправа, а согласно дадената можност во Рамковната спогодба за финансиско партнерство со ЕУ.

Од 2021 г. МК е полноправна партнер-држава во Интерег Еуро-МЕД 2021-2027 програмата, која располага со вкупен буџет од 294.000.000 евра. Спогодбата за финансирање е потпишана од НИПАК на 29.12.2023 г.
Од 2022 г. МК е полноправна партнер-држава во Интерег ИПА Адрион 2021-2027 програма, која располага со вкупен буџет од 160.000.000 евра. Спогодбата за финансирање е потпишана од НИПАК на 29.12.2023 год.
Од 2023 г. МК е полноправна партнер-држава во Интерег УРБАКТ 2021-2027 програмата, која располага со вкупен буџет од околу 106.000.000 евра. Спогодбата за финансирање е потпишана од НИПАК на 28.12.2023 год.
Од 2023 г. МК е полноправна земја – партнер и во програмата за интер – регионална соработка ИНТЕРЕГ Европа со вкупен буџет од 354 милиони евра. Спогодбата за финансирање потпишана е на 20 мај 2025 година.

### 1.11.7.3 TAIEX / ТАИЕКС

TAIEX (The Technical Assistance Information Exchange– Техничка помош за размена на информации) преставува краткорочна техничка помош за земјите-кандидатки и потенцијалните земји-кандидатки од Западен Балкан во насока на приближување, примена и спроведување на правото на ЕУ, како и во надградбата на неопходната административната структура. TAIEX се финансира од повеќе-корисничката програма ИПА по принципот „прв пријавен, прв услужен“.Во 2020 година во тест фаза се пушти новата линија на поддршка под инструментот TAIEX наменет за поддршка на развојот на локалната самоуправа. Се утврдија неколкуте политики од интерес на општините и планските региони и веќе во 2021 година се подготвија првите апликации, од кои 10 беа одобрени. Во следните две години истите се спроведоа, и се подготвија нови апликации. Принципот на работата остана ист како кај вообичаениот TAIEX инструмент. Во 2025 година Европската комисија најави воведување на постратешки пристап во функционирањето на TAEX, а во насока на подиректна поддршка на обврските кои произлегуваат, пред се од Инструментот за реформи и раст, како и од процесот на пристапување во ЕУ. Новиот пристап се очекува да се рефлектира во функционирањето на инструментот од 2026 година

Координатор на TAIEX активностите во Република Северна Македонија е МЕП. Барањата (апликациите) за i) експертска помош, ii) организирање на работилници и/или iii) студиски посети се праќаат преку МЕП до Делегацијата на Европската Унија, која врши првична проверка и одобрување за нивно процесирање. По ова пред-одобрување, електронското процесирање на самите апликации го прави МЕП преку Националното контакт лице за TAIEX. Комуникацијата со TAIEX канцеларијата во Брисел се врши преку Националното контакт лице за TAIEX. Информациите за исходот на поднесените и процесираните апликации се

доставуваат до Националното контакт лице за TAIEX, а потоа истите се проследуваат до надлежните/односните органи (апликантите) за понатамошно постапување и реализација на активностите во соработка со ЕК.

Република Северна Македонија активно го користи овој исклучително важен инструмент процесот на пристапување за градење на капацитетите и усогласување со правото, практиките и методите на работење директно релевантни во рамки на процесот на европска интеграција.

<u>Пресек на прифатени апликации од МК и успешно спроведени активности под инструментот TAIEX за период 2017 - 2025 година</u>

| Година | Одобрени апликации |
|---|---|
| 2017 | 89 |
| 2018 | 69 |
| 2019 | 44 |
| 2020 | 8 |
| 2021 | 22 |
| 2022 | 30 |
| 2023 | 21 |
| 2024 | 55 |
| 2025 | 44 |
| Вкупно: | 382 |

## 1.11.7.4 TWINNING / ТВИНИНГ

Во изминатиот период, МЕП ја зајакна својата координативна улога како Национално контакт лице за твининг инструментот.

Во врска со институционалното јакнење, твининг инструментот продолжува да биде преферирган модел за проекти каде е важна релевантната експертиза на твининг земјите членки, за транспонирање acquis и хармонизација на националното законодавство во одредени области и пренесување на нивното експертско знаење и искуство на институцијата – партнер.

Вкупен број планирани твининг проекти преку КАРДС, ИПА 2007-2013 и ИПА 2014-2020 се околу 89 проекти.

Во однос на твининг партнерите, македонските институции имаат воспоставено партнерства со голем број институции од вкупно 23 држави членки. Водечки партнери кај најголем број твининг проекти се Австрија со 15 и Германија со 12 проекти како водечки партнер. Институции од Шпанија се јавуваат како водечки твининг партнери во 10 проекти, Холандија во 10 проекти и Литванија 9, Словенија 7 и Финска 5 се јавуваат во улога на твининг партнер.

Во однос на секторите, најголем број од твининг проектите (48) се однесуваат на реформи во јавната администрација и правда и внатрешни работи – 54,4 проценти од вкупниот број проекти. Имајќи ги предвид сите континуирани напори на владите за спроведување реформи во јавната администрација и усогласување на законодавството, оваа структура е сосема разбирлива. Тринаесет проекти се од сферата на животна средина, единаесет се поврзани со образование, вработување и социјална политика, шест се во областа на земјоделството и шест се во областа на економски развој. Од наведените бројки може да се заклучи дека голем број длабински и суштински реформи се започнати и спроведени со помош на твининг проектите. МЕП ја продолжува својата цел да го промовира користењето на твининг инструментот како ефикасен начин во спроведување на ЕУ помошта.

### 1.11.7.5 Билатерална соработка

Во однос на билатералната соработка насочени сме кон активен пристап кон билатералните партнери, односно унапредување на билатералната развојна соработка и нејзино проширување. Принципите на иницијативност и сопственост се основните водилки во работењето, при што се настојува дополнително да се зголеми успешноста во искористувањето на расположливите билатерални развојни средства за државата, нивно насочување кон НПАА области, но и иницирање на нови партнерства.

Посебен акцент се става на активностите за задржување на билатералните партнери, но и проширување на билатералнта развојна / проектна соработка со нови актери. Координацијата на билатералната развојна помош се реализира во континуитет во поглед на програмите за развојната соработка на Кралството Шведска, Република Словенија, Јапонија, Република Кореја, Народна Република Кина. Со останатите донатори, како што се САД, Германија, Велика Британија, Швајцарија, Франција, Холандија и останатите држави кои преку своите дипломатски претставништва во Република Северна Македонија реализираат и проектна соработка настојуваме да имаме редовна комуникација во поглед на реализираната помош и планови за поддршка од нивна страна.

Би ги истакнале следните резултати постигнати во текот на 2024/5 година во поглед на билатералната помош:

- Се остварува редовна комуникација со Канцеларијата на Јапонската агенција за меѓународна соработка во насока на планирање на техничката соработка за јапонската фискална 2026 година. Во август 2025 година, по остварени консултации со Јапонската агенција за меѓународна соработка и релевантните национални институции, МЕП достави предлози до Амбасадата на Јапонија во Скопје, преку Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, за продолжување на тренинг програмата за зајакнување на институционалните капацитети, како и три апликации за техничка соработка во областа на намалување поддршка на менторски услуги за мали и средни претпријатија, адаптација кон климатските промени во областа на земјоделството и итен медицински одговор во услови на природни катастрофи. Исто така се спроведуваат консултации за истражувачка соработка со Јапонија во рамки на

програмата за партнерства за научно и технолошко истражување за одржлив развој.

- Континуирано се спроведува процесот на координација на спроведувањето на техничката соработка со Сингапур преку реализација на програмата за обуки
- Во консултации со Амбасадата на Кореја во Софија, обезбеден е грант за поддршка на Министерството за здравство, а доставени се предлог апликации до донаторот за Корејска грант помош за 2026 година.
- Разговори со Амбасадата на НР Кина во поглед на подготовките за реализација на "Проектот за зајакнување на капацитетите на службите за здравствена и социјална заштита во Република Северна Македонија" како заеднички предлог од Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика, проектот за донација на специјализирана опрема за Лабораторијата за молекуларна биологија при УКИМ, како и проектот е-Образование втора фаза.
- Се остварува редовна комуникација и координација со други билатерални донатори

### 1.11.7.6 Тековни активности и потреби (клучни приоритети)

- Постојано следење и навремено делување за намалување на ризиците од губење на средства до крај на 2024 како и за периодот 2025-2027 (т.н. risk of de-commitment of funds) (Одржување на редовни состаноци помеѓу НИПАК, ЦФЦД и НАО со ИПА структурата континуирано)
- Програмирање за 2025-2027 година на годишни програми и ревизија на Стратешкиот одговор
- Формирање и управување со телото/групата обучувачи под Центарот за обука на МЕП согласно донесената обука за ова, специјализирани за темите од делокругот на Министерството за европски прашања, и иманентно со темите, вештините и познавањата на работата со Европските фондови – во сите нивни поделби и облици.
- Продолжена соработка со проектот ГЕФ (Gender equality Facility), во неговата втора фаза, под ново име ГОУ (Gender Responsive Governance).
- Се спроведе последната обука за сертификација на обучувачите на тема вклучување на родовата перспектива во процесот на програмирање и користење на Европските фондови под проектот ГЕФ (Gender Equality Facility).
- Спроведување на новата анализа за утврдување потреби од обука за ИПА оперативната структура, и извештај за истата, релевантен за 2026 и 2027 г.
- Усвојување на Програма за работа на Центарот за обука на МЕП, и Оперативен план за 2026 г.
- Кадровско екипирање на Центарот за обука на МЕП (респективното одделение) – процес кој треба да продолжи.
- Организација на обуки и настани за јакнење на капацитетите на членовите на преговарачката структура и на ИПА структурата, со поддршка од повеќе ЕУ и билатерални проекти.
- Подготовка за работа на проблематиката поврзана со јакнење на капацитети преку анализа за утврдување на тековните состојби, проекција на

потреби, подготовка на обуки и почетни чекори за подготовка на ростер на обучувачи токму за Поглавјето 22 – Регионална политика, и подготовка на пакет обуки во однос на Регионалната политика и нејзиното функционирање на специфичните и утврдените целни групи.

- Спроведување на Прашалник за утврдување потреби за обука за процесот на ЕИ (работни групи под НПАА, План за раст, Преговарачка структура и други претстојни промени и процеси), подготовка на Извештај и План за работа за 2 г.
- Јакнење на рамката за секторска координација и поддршка на Секторските работни групи преку инклузивен и транспарентен систем на програмирање на ИПА 2021-2027
- Функционален Национален Инвестициски Комитет (НИК) и единствена листа на инфраструктурни проекти
- Спроведено годишно самооценување на секторскиот пристап
- Функционалност на Рамката за оценување на изведбата (ПАФ) и известување за спроведување на ИПА 2
- Редовно одржување на состаноци на ИПА Комитетот за следење (еднаш годишно) и на петте секторски комитети за следење (два пати годишно во периодот април-мај и октомври – ноември). Редовно учество во Управните комитети на ниво на проекти
- Континуирано спроведување на работни состаноци - обуки за ИПА структурата со поддршка на СУПРАЕ проектот за целите на подобрување на следењето и известувањето за имплементација на ИПА. Со тоа би се постигнало евентуално подобрување на стапката на реализација на оперативните заклучоци и препораки од ИПА Комитетот за следење и секторските комитети за следење. Исто така би се олеснило прибирањето податоци и изготвувањето на извештаите за остварениот напредок за СКС и на ИПА Годишниот извештај за спроведување .
- Организирање обуки за вработените во НИПАК Секретаријатот и ИПА структурата за спроведување на мониторинг посети и проверки на лице место на ниво на проект/договор согласно одредбите на НИПАК Прирачникот за ИПА III.
- Соработка со ИПА проектите кои тековно се спроведуваат во МКД (континуирано – 2018 г.)
- Актинвости поврзани со исходото и одлуките во врска со функционалната анализа на МЕМ (структура, обем на обврски, меѓународни обврски, акти и слично).
- Кадровско екипирање на Центарот за обука на МЕП
- Донесување и примена на внатрешени акти на МЕП за работа на центарот за обука на МЕП вклучително и за ростер/група на обучувачи од администрацијата за ЕУ, ЕИ и ЕУ фондови и други поврзани подзаконски акти
- Подготовка за проведување повик за пријавување на обучувачи од администрацијата на теми исклучиво во однос на ЕУ, процесот на европска интеграција и преговори (ЕИ) и ЕУ фондовите.
- Активно учество во заедничките комитети за следење на ИПА и ИНТЕРЕГ ИПА Програмите за прекугранична соработка 2021-2027 година и тековно спроведување на програмите
- Вклучување во програмата за територијална соработка ЕСПОН 2030 како земја - набљудувач

- Тековна координација и реализација на активности во насока на ефикасна имплементација на ИНТЕРЕГ програмите Еуро-МЕД, ИПА Адрион, УРБАКТ IV и Европа и учеството на МК во истите како земја – партнер, согласно динамиката на спроведување на програмите
- Почеток на програмските активности за програмите за територијална соработка на ЕУ и активно учество на МЕП во овие процеси
- Потпишување на годишни писма за финансирање за ИПА програмите за прекугранична соработка
- Тековна координација на ТАИЕКС

  Координација на реализацијата на Корејската грант помош за 2026 година како и координација на процесот на аплицирање за Корејска грант помош за 2027 година
- Тековни консултации со Амбасадата на Словенија за реализација на билатералната развојна програма
- Тековно се координира спроведувањето на програмата за обуки во рамки на техничката соработка со Јапонија, како и со Сингапур
- Консултации со Амбасадата на НР Кина во поглед на реализација на веќе одобрените проекти и можно потпишување нов Договор за економска и техничка соработка за обезбедување на грант, по предлог од донаторот, како и преговори за фокусирање на идната соработка
- Проширување на иницијативата за подобрување на донаторската координација во нови под – сектори, по консултација со развојните партнери и националните институции
- Почеток на спроведување на новиот проект за поддршка на спроведувањето на Стратегијата на ЕУ за Јадранско-јонскиот регион, финансиран преку Интерег програмата ИПА Адрион.
- Спроведување на комуникациски активности за ИПА.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2

## КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПНИ ПРЕГОВОРИ СО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОЗИЦИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СОРАБОТКАТА СО ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

## Стратешка програма 2 - Управување со процесот на преговори

### 1.11.8 Зајакнување на позицијата на МК и ефикасноста во координацијата и соработката со институциите на ЕУ

Во изминатиот период, МЕП преку своите претставници  во МК Мисијата континуирано работеше на реализација на дефинираните приоритети за работа, следствено на започнатиот процес на пристапни преговори од јули 2022 година и особено со донесувањето на Планот за раст на ЕУ како најамбициозниот механизам

за интеграција на ЗБ во ЕУ. Континуирано се работеше на информирање и комуникација со претставниците на европските институции, претседателствата на Советот на ЕУ, претставништвата на земјите-членки и земјите кандидати за членство како и останати соговорници во врска со актуелностите и развојот на внатрешната политика на МК, позициите на земјата по теми од интерес и останати прашања.Клучни активности во изминатиот период беа:

• *Континуирано следење и информирање за активности во поддршка на организирањето на Лидерските средби за Планот за раст, понатаму анализа и навремено информирање за приоритетните области дефинирани во рамки на Столбот 1 – Пристап до единствениот пазар на ЕУ како и следење на спроведувањето на Реформската агенда;*

• *Континуирано следење и информирање за произлезените обврски од процесот на преговори, конкретно од фазата на спроведениот скрининг преку обезбедување на Скрининг извештаите за секој од Кластерите (добиени се сите 6 скрининг извештаи), анализа на документите, следење на можностите и интересот на МК за вклучување во тела и работни групи во рамки на процесот на забрзана интеграција, вклученост и следење во процесот на подготовка на трите Патокази преку остварување на континуирани средби и консултации како со претставниците на МЕП како надлежна институција за координација на подготовката на овие документи и со претставници на ГД за проширување ;*

• *Поддршка во организација и подготовка на состаноците на работните тела на ССА (поддршка на организацијата на КСА и состаноците на ко-претседавачите на поткомитетите и специјалната група за РЈА, и редовна комуникација со ГД за проширување и останатите ГД и ;*

• *Континуирано следење на европското законодавство (Acquis) преку редовно информирање и анализа на нови директиви, регулативи и одлуки ;*

• *Активно учество во подготовката за организација на тематски оценски мисии во МК и размена на информации со ГД за проширување и останатите ГДи за адресирањето на препораките во Извештаите од страна националните институции;*

• *Континуирано следење и информирање за постоечките трговски заштитни мерки поврзани со производи од алуминиум и челик како и најавата за можни нови трговски заштитни мерки за увоз на манган и силициум - базирани легирачки елементи во ЕУ ;*

• *Континуирано следење и информирање во врска со повеќегодишната финансиска рамка на ЕУ вклучително и инструментот ИПА III, како и подготвителните чекори за идната ПФР: учество на состаноци, редовна комуникација со ГД за проширување од аспект на прашања кои се однесуваат на користењето на ЕУ финансиската помош опфаќајќи ја ИПА, Програмите на Унијата, помошта обезбедена преку ТАИЕКС како и соработка со претставници на донатори со седиште во Брисел (УНИЦЕФ, Совет на Европа, УНОПС и др.) во насока на натамошна поддршка за утврдените стратешки приоритети ;*

• *Зајакнување на дијалогот со генералните директорати на ЕК преку организирање на редовни технички состаноци со ГД за проширување и сите други надлежни ГД согласно потребите;*

*• Континуирана соработка со земјите членки заради активно користење на искуствата на земјите членки на ЕУ за процесот на подготовка на национални преговарачки ставови и позиции; како и со претставници на земјите кандидатки и потенцијални кандидатки за членство, заради собирање на информации за искуствата корисни за преговарачкиот процес кои можат да и послужат на МК;*

*• Континуирано следење и информирање за работата на Комитетот на региони и Европскиот економски и социјален комитет;*

*• Континуирано и активно учество на состаноци на РСС, Берлинскиот процес, Иницијативата за гасно поврзување во ЈИЕ (CESEC), ЦЕФТА, Енергетската заедница, Транспортната заедница. Воедно, следење на човековите права и односи на ЕУ со ООН, СЕ, ОБСЕ; како и соработка со реномирани тинк-тенкови кои го следат процесот на проширување и регионот на ЗБ;*

*• Логистичка, организациска и техничка поддршка на делегации од земјата во посета на Брисел (подготовка на програми за посети на МЕП, ЗМЕП, ДС и други делегации, пренесување на ставови, пораки од остварени состаноци, учество на работни групи, одржани комитети, конференции)*

*• МК Мисија и во идниот период ќе продолжи со воспоставеното темпо на работа и интензивирање на соработката со ГД за проширување и останатите надлежни ГД и имајќи ги предвид активностите врзани за процесот на пристапување. Особен фокус ќе биде ставен на унапредување на можностите за напредок на МК низ дефинираните приоритетни области од Столб 1 од Планот за раст за пристап до единствениот пазар на ЕУ и усвоената Реформска Агенда како и доделувањето на финансиските средства од Инструментот за реформи и раст.*

*• И понатаму во рамки на секојдневната комуникација со надлежните институции ќе се работи на презентирање на степенот на подготвеност на земјата во евроинтегративниот процес и ќе продолжи со непречено информирање до сите вклучени во процесот согласно воспоставената преговарачка структура. Ќе се продолжи со подготовка на квалитетни и навремени информации и анализи за одредени прашања од интерес на МК, а особено по одржувањето на втората Меѓувладина конференција помеѓу МК- ЕУ и отворање на кластерите за преговори, имајќи ги предвид заклучоците од Советот за проширување како и пораките од земјите членки дека со завршени уставни измени земјата брзо ќе напредува во европскиот пат. Следствено на тоа, претставниците на Мисијата ќе ја интензивираат соработката и комуникацијата со земјите членки во пресрет на усвојувањето од страна на Советот на Извештајот за Opening Benchmark Assessment Report - OBAR, подготвен од страна на ЕК и одржувањето на втора МВК и отворање на преговорите за Кластер 1.*

*• За да може квалитетно да се одговори на динамиката на претстојниот процес, значајно е да се продолжи со таргетирано зајакнување и кадровско пополнување на капацитетот на Мисијата како со претставниците на МЕП и од останатите институции кои имаат соодветна експертиза во секое од поглавјата*

### 1.11.9 Операционализација на структурата за преговори и на структурата за Инструментот за реформи и раст и јакнење на административните капацитети

Во октомври 2024 година Владата донесе нова Одлука за воспоставување на структура за преговори за пристапување во Европската Унија (Сл. весник 204/2024) со која постојниот механизам за координација на процесот на европска интеграција, се прилагодува на ревидираната методологија за пристапни преговори и на новата организација на органите на државната управа.

Структурата за преговори ја сочинуваат:

- **Главен преговарач за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија** функција која по службена должност ја врши министерот за европски прашања,
- **Заменик на главниот преговарач за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија** функција која по службена должност ја врши заменик-министерот за европски прашања,

Тела формирани со оваа одлука, и тоа:

- **Комитет за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија**;
- **Државна делегација за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија**;
- **Група за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија**;
- **Работен комитет за европска интеграција**;
- **Работни групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија**,
- **МК Мисија во ЕУ** и
- **Секретаријат за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија**.

**Комитетот за преговори** го претседава Претседателот на Владата, како највисоко политичко работно тело на Владата за координација на пристапните преговори. Во ова тело членуваат министерот за европски прашања како главен преговарач, првиот заменик на претседател на Владата и министер за животна средина и просторно планирање, заменикот на претседателот на Владата задолжен за добро владеење, министерот за надворешни работи и надворешна трговија; министерот за финансии; и заменик-министерот за европски прашања.

**Државната делегација** за преговори ќе ја предводи министерот за надворешни работи и надворешна трговија, а во неа членуваат главниот преговарач – заменик

шеф на Државната делегација, заменикот на главниот преговарач и шефот на Мисијата при Европската Унија. Истата ќе ги презентира официјалните преговарачки позиции на Меѓувладините конференции.

**Групата за преговори** е стручно тело на Владата за координација со институциите и подготовка на предлог-преговарачките позиции, помошно тело на главниот преговарач, а во неа членуваат и заменикот на главниот преговарач, членови задолжени за одредени кластери, области и поглавја од преговорите. Како дел од групата за преговори, меѓу другото, се воведуваат и три нови позиции:

Главниот економист ќе врши хоризонтална координација на економските политики и соодветните поглавја поврзани со нив.
Следењето и координацијата на сите акти од правен аспект како и оформување на содржината на нацрт пристапниот договор ќе го врши главниот правник.
Главниот анти-корупционер ќе врши хоризонтална координација на сите политики во борбата против корупцијата и спречувањето на судирот на интереси.

**Работниот комитет за европска интеграција**, го сочинуваат претседавач – главниот преговарач, заменикот главен преговорач-неговиот заменик, државните секретари на сите институции, генералниот секретар на Владата, секретарот на Секретаријатот на законодавство како членовите на Групата за преговори, а по потреба може да се вклучат и претставници на други државни институции. Ова тело ќе го следи спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и ќе ги координира активностите поврзани со пристапните преговори.

**Работните групи за пристапни преговори**, се помошни тела на работниот комитет за европска интеграција, сега организирани според новата методологија за преговори, по Кластери, по области и по поглавја и истите ќе учествуваат во подготовка на анализи за степенот на усогласеност на националното законодавство со правото на Унијата и подготовка на нацрт-преговарачки позиции.

Ќе се подготват упатства и други акти со кои се уредува начинот на работа на телата на структурата во процесот на пристапни преговори, План за внатрешна организација и јакнење на МК Мисијата во ЕУ (вклучително и експертската поддршка на МЕП), јакнење на капацитетите на МК Мисијата во ЕУ и ССПППП и целосна функција на секторот во процесот на пристапување, мапирање на сите органи на државната управа и институции, организации од граѓанскиот сектор, академската заедница (универзитети, факултети, институти и научно-истражувачки центри) кои би биле вклучени во процесот на пристапни преговори, вклучително и скрининг процесот, определување на составот на работните групи за подготовка на преговори за оние поглавја кои ќе бидат предмет на билатерален скрининг, како и составот на сите останати работни групи за подготовка на преговорите.

**Структура за План за раст и Инструментот за реформи и раст**

Во мај 2025 година, Владата донесе Одлука за утврдување на структурите за спроведување на Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027 година (Службен весник број 106/2025), со која се утврдуваат структурите за спроведување на Планот за раст (четирите столба) и Уредба за спроведување и контрола на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан (Службен весник број 106/2025), со која се воспоставува спроведувањето и контролата на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан (столб 3 и 4), во Република Северна Македонија, како и системот на внатрешна контрола на спроведување на Инструментот.

- За национален ИРР координатор се определува министерот за европски прашања, кој ја има целосната одговорност во поглед на оперативноста и временската рамка за спроведување на ИРР.
- Координатор на финансиските активности, согласно наведените правни акти и двата договори, кои се однесуваат на сите реформи, *ex officio* е министерот за финансии;
- Координацијата на ниво на секоја реформска приоритетна област и/или подобласт, ја вршат надлежните заменици на претседателот на Владата и министри
- Координацијата на  ниво на реформи и чекори, се соодветните експерти во дадената област/подобласт за дефинираните реформи/чекори, со соодветно искуство и експертиза кое треба да обезбеди доследно и навремено спроведување на реформите низ сите планирани фази и соодветно квалитетно и навремено повратно информирање и известување до Министерството за европски прашања и до Министерството за финансии.

Сите нивоа на координација директно одговараат на првото повисоко ниво, а по потреба, во организација и координација на Министерот за европски прашања и/или Министерот за финансии, може да има  и координација помеѓу сите нивоа, политичко и експертско ниво.

Во ИРР структурата е опфатена и ревизијата на користењето на средствата што треба да ја спроведува Државниот завод за ревизија, но и активностите за управување, превенција, детекција и известување за нерегуларности, измами, корупција.

Сите нивоа од структурата се должни да соработуваат со Државниот завод за ревизија (Член 24 од Регулативата за ИРР) при вршење на ревизорските активности, како и со АФКОС.

Стручно-административните работи потребни за извршување на работата на Структурата за ИРР ги врши Министерството за европски прашања.

Потребно е да се операционализира целата структура и да се работи на зајакнување на административните капацитети.

### 1.11.10 Квалитетна подготовка на преговарачки позиции и хармонизација на македонското законодавство со законодавството на ЕУ

На 18 јули Советот на ЕУ ја донесе Преговарачката рамка, а на 19 јули 2022 година, се одржа првата Меѓувладина конференција со ЕУ (МВК) со која започна последната фаза од нашиот пат кон полноправно членство во Унијата како стратешка определба на земјата од нејзиното осамостојување. Веднаш по МВК, се одржа и состанок за започнување со фазата на скрининг. Скринингот, како прва фаза во пристапните преговори по донесувањето на Новата методологија за пристапни преговори во 2020 година, се одвива на ниво на кластери (за разлика од досегашната пракса кога скрининзите се одвиваа по поглавја), со групирање на поглавјата во шест тематски кластери. Исто така за првпат во преговорите се опфатени и три области кои досега не беа дел од овој процес и тоа: функционирање на демократски институции, реформа на јавната администрација и економски критериум. Министерството за европски прашања ја координираше подготовката за учеството на македонските делегации на скрининг состаноците. Во периодот од септември 2022 година до декември 2023 година се спроведоа билатералните скрининзи за сите области/поглавја.
Согласно Преговарачката рамка за МК и писмото од Шпанското претседателство со ЕУ од декември 2023 година, за отворање на Кластерот Фундаментални вредности треба да се подготват три патокази кои ја рефлектираат политичката заложба за спроведување на клучните стратешки реформи преку дефинирање на краткорочни и среднорочни цели, и тоа: Патоказ за владеење на правото (кој е одредница за отворање на Кластерот) а ги опфаќа реформите во Поглавјето 3.23 Правосудство и фундаментални права и Поглавјето 3.24 Правда, слобода и безбедност, со Акциски план за правата на припадниците на малцинствата/заедниците и Патоказ за реформа на јавната администрација (кој ќе биде и одредница за отворање на Кластерот) со фокус на градење на професионална администрација во служба на граѓаните и јакнење на административните капацитети за спроведување на законите и политиките кои се усогласени со европските стандарди како и Патоказ за функционирање на демократските институции (нема да биде одредница за отворање на Кластерот) со мерки за зајакнување на демократското управување на сите нивоа и тоа во однос на работата на Собранието, изборниот процес и зголемување на граѓанското учество во демократските процеси.
Кон крајот на јули 2023 година Европската комисија го објави Скрининг извештајот за Кластерот 1 – Фундаментални вредности кој содржи препораки за понатамошна хармонизација на националното законодавство, градење на административните капацитети и спроведување на законодавството. Врз основа на овој Извештај, Министерство за европски прашања во координација со надлежните државни

институции започна со подготовка на трите патокази додека подготовката на Акцискиот план за заштита и унапредување на правата на припадниците на малцинствата и заедниците беше во надлежност на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.
Во наредниот период во тесна координација со надлежните институции и ЕК ќе се работи на финализирање на овие документи.

### 1.11.11 Зајакнување на човечкиот капацитет кој работи на ЕУ интеграцијата

МЕП, преку својот Центар за обука и преку соработка со странски донатори и партнери се грижи за развојот на човечки ресурси и јакнење на капацитетите на вработените, како и на целокупната мрежа која работи на процесот на Европска интеграција и искористување на ЕУ фондови (ИПА). Овие активности се во комплементарност со моделот на управување со компетенции кој е во примена во македонската администрација, поточно се работи за активности кои потпаѓаат под концептот: специфични компетенции.
Исто така, во 2026 година се предвидува сертификација на институцијата за стандардот за квалитет: ИСО 9001:2018.
Со цел јакнење на институционалните капацитети за ЕУ, МЕП воспостави долгогодишна соработка со низа земји членки на ЕУ, преку посебно дизајнирани програми: соработка со француската влада, MATRA ROLT холандската влада, со Република Франција, Кралство Шведска, Швајцарија, СР Германија и секако по разни основи и проектни линии, со Европската Унија.
Континуитетот на соработката со Кралството Шведска и со Швајцарија продолжува преку тековниот проект „Нордиска поддршка за напредок на Северна Македонија". Обуките и настаните кои се однесуваат на градење капацитети на македонската администрација, опфаќаат како хоризонтални ЕУ обуки, така и специфични секторски обуки, како и обуки за преговори, наменети за лица/службеници и функционери кои работат на процесот на европска интеграција, како до државната и јавната администрација така и со Собранието на Република Северна Македонија
Спроведени се два турнуси со основни обуки, секој од по три обуки, на тема вклучување на родовата перспектива во процесот на програмирање и користење на европските фондови под проектот ГЕФ (Gender equality Facility), подржан од Кралството Шведска, а имплементиран од UN WOMEN, со што се работеше на збогатена обука и формирање на група тренери кои во иднина ќе испорачуваат обуки за родови индикатори, а кои ќе бидат опфатени во ростерот/групата обучувачи на Центарот за обука на МЕП. Последователно, беа организирани и две напредни обуки: обука за обучувачи на истата тема за идните обучувачи, валидациски сесии на секторски оперативни програми и серија промотивни настани кои го прошируваат знаењето на оваа целна група. Во 2025 г. се планираат и други активности за јакнење на капацитетите под овој проект, како што се обуки за обучувачи, јавни настани и конференција на тема надминување на стереотипи.
Од ИПА проектите, вреди да се истакне соработката со проектот ЕУ за општините, преку кој МЕП, поточно Центарот за обука на МЕП, обезбеди 20тина обучени

обучувачи за користење на европските фондови на локално ниво, кои ќе бидат дел од ростерот на обучувачи.

### 1.11.12 Зајакнување на Центарот за обуки и систематско јакнење на капацитетите за процесот на преговори

МЕП, согласно својата надлежност, како централно координативно тело на процесот на пристапување, целно ги насочува донаторските средства кон приоритети за јакнење на капацитетите и институционална надградба. Исто така, МЕП координира посебно дизајнирани програми за јакнење на административниот капацитет, хоризонтални ЕУ обуки, обуки за ИПА структурите, обуки во посебни области на јавните политики на ЕУ, како и обуки за јакнење на капацитетот за преговори.

Центарот за обуки на МЕП е носител на една од хоризонталните функции во процесот на ЕИ и е важна компонента за вкупните подготовки на администрацијата и јакнењето на капацитетите за подготовка, отпочнување, водење и завршување на преговорите. МЕП, односно Центарот за обука на МЕП, е регистриран во Централниот регистар за изведување образовни дејности за возрасни во доменот на неформалното образование.

Подготовките на администрацијата, од аспект на организација, координација, стручна анализа, примена на методологии, стандардни аналитички и правни алатки и подготовка на преговарачки стојалишта, треба да вклучуваат посебно дизајнирани програми за посебни целни групи, како и воведување на методолошки пристап и стандарди на квалитет во обуките. Целните групи, на прво место се членовите на сите координативни структури во процесот на пристапување и целокупната администрација која учествува во хармонизацијата, спроведувањето на acquis (НПАА). Во текот на втората половина на 2025 година, со поддршка преку УНОПС проектот се работи на подготовка на нова анкета/прашалник за утврдување потреби од обука за целиот процес на европска интеграција и истиот ќе биде формално проследен до сите инволвирани институции за пополнување. По добиените одговори на прашалникот, вообичаено, ќе се направи анализа и извештај на резултатите и наодите, и ќе се подготви план за работа за адресирање на потребите и јакнење на севкупната ЕИ структура. Проектираниот број на лица директно вклучени во процесот (членови на разни координативни и оперативни структури, како и членови на ИПА националната оперативна структура) кои систематски треба да бидат обучени во следните неколку години е приближно 3000.

Во Центарот за обука на МЕП, преку подготвените програми за работа и буџетот кој го има на располагање, како и преку поддршка од мултилатерални и билатерални проекти, се спроведуваат обуки од областа на јавните политики на ЕУ и останати активности за јакнење на вештините и капацитетите на администрацијата во процесот на европска интеграција.

МЕП годишно обезбедува скромни буџетски ресурси за спроведување на активностите на Центарот за обука на МЕП ( под посебна буџетска ставка).

МЕП веќе повеќе од деценија работи на јакнење на капацитетите во администрација преку имплементација *„обука на обучувачи“*, и каскадно

спроведување обуки на целни групи, на централно, регионално и локално ниво, како и систематско планирање и ангажирање на странски и домашни експерти/предавачи за напредни и специфични експертски обуки. Во изминатите 12 години беа спроведени повеќе ИПА проекти и проекти финансирани од билатерални донатори, со помош на кои беа имплементирани активности за воспоставување и унапредување на работата и опременоста на Центарот за обука на МЕП, ревидирање и ажурирање на модули за обука и создавање нови, обука на кадар од администрацијата за – „обука за обучувачи“, како и ревизија на образецот за утврдување потреби од обука.

Накратко, на двогодишно ниво ЦОМЕП работи на утврдување на потреби од обука преку спроведување анкетни прашалници (TNA) до соодветните административни структури. Во период 2021-2024 МЕП и Центарот за обука на МЕП се посветува на подготовка на терен за правен основ за создавање корпус на идни обучувачи, почеток на поставување на интегрирана рамка на системот на обуки, платформата за учење и обука користејќи ги искуствата од земјите членки, подготовка на Програма за работа на Центарот за обука на МЕП и целосно искористување на средствата на располагање за својата работа во рамки на Буџетот на МЕП во реализација на Програмата, како и на развој на конкретни проектни и соработки со неколку билатерални донатори (види погоре).

Во наредниот период, Центарот за обуки од областа на ИПА и ЕУ/ЕИ обуки веќе работи и е работи на дел од планираните активности и тоа:

- консолидирање на сопствените капацитети и средства за работа,
- изработка на анализите по Прашалниците / Анкетите за утврдување потреби од обука како ЕИ за НПАА структурата и пошироко,
- Подготовка на годишен оперативен план за обука за ИПА Оперативната структура и подготовка на годишен план за работа на ЦОМЕП за процесот на европска интеграција
- решавање на статусот на обучувачите од администрацијата и нивно активно вклучување во Програмата за работа на Центарот, преку конкурс, градење на капацитетите за обучување, создавање курентни и релевантни модули за обука,
- спроведување на обуки,
- организација на информативни настани и други односни активности насочени кон градење на капацитетите на администрацијата за ЕУ, ЕИ и ИПА,
- воспоставување соработки и склучување на меморандуми/протоколи со институции во земјата и во странство, континуирана работа и соработка на обуките и односните активности со тековно активните донатори; како и работа во поддршка на спроведување активности во врска со склучените меморандуми за соработка со Колеџот на Европа во Бриж и Колеџот на Европа во Натолин
- Координација, организација и друга логистичко техничка соработка со билатералните донатори во доменот на јакнење на човечкиот капитал и институционалните капацитети за процесот на ЕИ (Грција, Германија, Холандија, Франција, Италија, Турција и др.)
- целосна посветеност на активностите за јакнење на капацитетите на администрацијата во врска со објаснувачкиот скрининг, преговорите и поврзаните активности,

- континуирано хранење и градење на базата на податоци на Центарот за обука на МЕП;
- подготовка на документи и акти неопходни за работа на ЦОМЕП (стратегија за развој на ЦОМЕП, прирачник за ИПА корисници, каталог за обуки, и други односни документи)
- дневни организациски и координативни активности во врска со инструментот ТАИЕКС

| **ПРЕСЕК реализирани обуки и активности за јакнење на човечкиот ресурси во администрацијата во однос на процесот на европска интеграција и искористувањето на Европските фондови (ИПА) 2006-2025 година преку МЕП/ЦОМЕП** | | |
|---|---|---|
| **Година** | **Број на настани**[I] | **Број на обучени лица** |
| 2006 | 30 | 754 |
| 2007 | 81 | 1098 |
| 2008 | 81 | 1534 |
| 2009 | 45 | 833 |
| 2010 | 75 | 340 |
| 2011 | 17 | 340 |
| 2012 | 19 | 407 |
| 2013 | 50 | 583 |
| 2014 | 23 | 856 |
| 2015 | 52 | 1351 |
| 2016 | 54 | 1427 |
| 2017 | 30 | 754 |
| 2018 | 29 | 850 |
| 2019 | 64 | 1407 |
| 2020[II] | 8 | 162 |
| 2021[III] | 73 | 908 |
| 2022 | 62 | 1313 |
| 2023 | 62 | 1285 |
| 2024 | 41 | 944 |
| 2025 | 70 | 1279 |
| **ВКУПНО**[IV]**:** | **966** | **18455** |

[I] Во определени години реализирале поголем број поединечни обуки во странство, оттаму, бројот или соодносот на број на обуки со број на слушатели е различен.
[II] 2020 г. е прогласена пандемијата CoVID19.
[III] 2021 г. продолжуваат вонредните мерки за пандемијата CoVID19. Повеќето од обуките се одржани онлајн, со помал број учесници.
[IV] Кумулативни бројки.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3

## НАТАМОШЕН РАЗВОЈ НА ЕВРОПСКИТЕ ДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ

### Стратешка програма 3 - Демократски вредности на Европа во процесот на пристапување

### Стратешка програма 4 -Информатички системи и платформи за поддршка на процесот на пристапување

### 1.11.13 Информирање на јавноста и зголемување на јавната свест и поддршка за процесот на европска интеграција

Транспарентноста, видливоста и инклузивноста остануваат основни начела во работењето на МЕП, со цел промовирање на чувството за припадност во ЕУ и вклучување на пошироката јавност во целокупниот интегративен процес на земјата. МЕП континуирано го гради системот на информирање на јавноста во насока на зголемување на јавната свест за поддршка на процесот на европска интеграција. Истовремено, Министерството одржува комуникација со дефинираните заинтересирани страни (целни групи) преку нивно активно вклучување во пристапниот процес. Во изминатиот период, беа спроведени повеќе комуникациски активности, како и настани во функција на информирање, вклучување и транспарентност, меѓу кои како позначајни може да се издвојат следните:

- Комуникација со јавноста чија основна цел е зголемување на информираноста на јавноста за реформските процеси во процесот на пристапување кон ЕУ како и остварување на двонасочна комуникација со јавноста
- Редовна комуникација со медиумите;
- Консултативни настани посветени на кластерите, односно поглавјата во рамки на пристапниот процес;
- Консултативни и комуникациски активности поврзани со Планот за раст и Реформската агенда 2024-2027;
- Панел дискусии во поширок состав на министри и раководители на институциите вклучени во пристапниот процес, кои работат во областите на кластерите, кои покрај инклузивност, овозможија и транспарентност на процесот и информирање на пошироката јавност, со цел процесот подобро да се разбере, да се осознаат придобивките од членството во ЕУ и конечно да се зголеми поддршката на целокупната јавност за процесот на пристапување во ЕУ;
- На граѓанскиот сектор им беше овозможено следење на објаснувачките скрининг состаноци, а врз основа на тоа остануваат вклучени во процесот;

- Редовно ажурирање на интернет страницата на МЕП, која е достапна на македонски,албански и англиски јазик;
- прес-конференции и брифинзи за медиуми;
- Организација на трибини и дебати на теми посветени на процесот на пристапување;
- прес-конференции, настани за различни целни групи, брифинзи за медиуми, подготовка на текстови, флаери, публикации, билтени; организирање трибини и дебати на теми посветени на процесот на пристапување;
- Реализација на кампањи за подигнување на свеста за придобивките од членството во ЕУ и користењето на европските фондови;
- Испитување на јавното мислење;

**Нова стратегија за информирање и комуникација со јавноста (2022-2026)**

Во пресрет на почетокот на пристапните преговори, Министерството за европски прашања подготвува нова Национална стратегија за информирање и комуникација со јавноста во процесот на европска интеграција (2022-2026), вклучително процесот на пристапување и преговори, користење на ЕУ фондови и комуникациска стратегија за Реформска агенда 2024/2027 како обврска на државата. Стратегијата предвидува активности за зголемување јавната свест за придобивките од членството во ЕУ, со цел добивање општа поддршка за пристапниот процес од страна на јавноста.

Целта на стратегијата е да се овозможи континуираната комуникација не само кон целокупната јавност, туку преку дефинирање на целните групи за комуникација и соработка на Министерството со цел да се одржи двонасочната комуникација со нив и да се овозможи нивна континуирана вклученост во процесот преку информирање и консултирање. Министерството за европски прашања преку соодветна и насочена комуникација го зајакнува својот кредибилитет и позиција како координативна институција во пристапниот процес. Во таа насока, информациите за текот на процесот на преговори треба да произлегуваат од овде, со цел да се минимализира влијанието на дезинформациите и лажните вести кои се насочени кон поткопување на процесот.

Паралелно на ова ќе се работи и на градење на капацитетите на државните институции за комуникација со јавноста.

## 1.11.14 Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и регионална соработка

МЕП во континуитет одржува отворен дијалог со граѓанскиот сектор. Граѓанските организации активно се вклучени во пристапниот процес, во програмирањето и следењето на искористеноста на фондовите за претпристапната помош (секторски работни групи, мониторинг комитети и сл.)

- Граѓанскиот сектор и академската заедница беа консултирани при подготовката на патоказот за владеење на правото и патоказот за реформа на јавната администрација како и за подготовката на Реформската агенда 2024-2027;
- Граѓанските организации беа поканети да ги следат објаснувачките состаноци кои се реализираа во периодот 2022/2023 година;
- Во процесот на програмирање за ИПА3, граѓанскиот сектор редовно учествува во работата на секторските работни групи
- Граѓанските организации зедоа учество во рамките на секторските мониторинг комитети и Заедничкиот мониторинг комитет
- МЕП редовно соработува со одделението за соработка со граѓанскиот сектор при Генералниот Секретаријат и активно е вклучен во подготовка и имплементација на владината Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор
- На редовна основа ја доставува на увид годишната ревизија на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА), на претставниците на граѓанскиот сектор и организира посебни средби, во секој циклус на ревизија. Консултациите во врска со ревизијата на НПАА ќе продолжат и во новиот циклус на НПАА 2023 година.
- МЕП и Фондацијата Отворено општество Македонија во 2019 година потпишаа Меморандум за соработка за суштинско и структурно учество на граѓанското општество во клучните секторски реформи во процесот на пристапување кон ЕУ и соработка во рамки на проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите" кој ФООМ го спроведува со финансиска поддршка од Делегацијата на Европската Унија, а во кој МЕП се јавува како соработник.

Во наредниот период, Министерството за европски прашања ќе ги продолжи и интензивира своите активности во насока на зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и општествените чинители во рамки на нови или веќе воспоставени кампањи, особено преку кампањите на МЕП. На тој начин ќе продолжиме да ги промовираме транспарентноста, европските вредности и ќе дадеме придонес кон развојот на демократските процеси, што ќе придонесе во подигнувањето на свеста, одговорноста и чувството на сопственост, и ќе се обезбеди директна поддршка, континуитет и одржливост на процесот. МЕП, согласно стратешките определби на Владата наведени во Програмата за работа на Владата 2020-2024, е определен за унапредување на околината во која работи и се развива граѓанското општество, што придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество кое ќе придонесува и ќе дава поддршка на патот на реформите за интеграција на државата во Европската Унија.
Во таа насока се планираат следните активности:

**Интензивирање на соработката со граѓанскиот сектор:** (1) воспоставување на ЕУ форум како отворена платформа за соработка со граѓанските организации, синдикатите, стопанските комори на редовна основа;
**Идентификација на клучните области за соработка:** (1) консултација во процесот на пристапни преговори, области од НПАА каде ќе бидат потребни посебни студии, анализи, оценка на влијанието и импликации, за квалитетна подготовка на преговарачките позиции; (2) учество во процесот на хармонизација на законодавството и следење на спроведувањето; (3) јакнење на капацитетите за соработка и следење во областите добро владеење и фундаменталните права;
**Соработка со академската заедница:** Редовна консултација во текот на преговарачкиот процес:(1) дефинирање на заеднички, комплементарни активности и програми во функција на процесот (дипломски/магистерски/докторски теми во одредени конкретни области); (2) развој на едукативни програми и стручна поддршка по одредени прашања; (3) организирање посета на универзитети, трибини итн.
**Кампања / настани: Информативно едукативен караван на настани под мотото „Саем на европски вредности". Во кој ќе се презентираат можностите кои ги нуди членството во ЕУ, како и конкретните придобивки од преговорите со ЕУ за нашата земја, а кои се однесуваат на подобрување на демократскиот, социјалниот, и економскиот амбиент во нашата земја, а нашите граѓани ќе се запознаат поблиску со поволностите од преговорите за членство и од самото членство**.
**Соработка со медиуми:** Активностите за соработка со медиумите покрај редовното информирање преку соопштенија од страна на Министерството, прес конференции и брифинзи, вклучуваат и организирање на семинари и работилници со претставници на медиумите како обука за тоа како правилно да се комуницира пристапниот процес со јавноста. Исто така, Владата има воспоставено посебна група за соработка со претставниците на медиуми, со цел, преку дијалог, да се адресираат предизвиците нотирани во Извештајот на ЕК и да се преземат соодветни активности.
**Видливост:** (1) континуирано ажурирање на веб страницата на Министерството со информации од делокругот на работа; (2) споделување на активностите на Министерството, односно активностите на високото раководство на социјалните мрежи на Министерството – фејсбук, твитер и инстаграм;
Во понатамошниот период предвиден е Дизајн на ЕУ-портал. Подготовките за преговори вклучуваат и планирање активности за консолидација на целокупната информатичка инфраструктура и развој на ЕУ-портал за поддршка на процесот на преговори и интерактивна комуникација со јавноста. Развојот на ЕУ порталот ќе се усогласи со динамиката на подготовките. Концептот на ЕУ-порталот и функционалните модули, се веќе поставени. Порталот ќе претставува платформа за следење на преговорите, членовите на преговарачкиот тим, настаните, информациите и целокупната документација, како и статусот на преговорите. ЕУ порталот исто така, ќе претставува интерактивна платформа за комуникација со јавноста.

**Регионална соработка и добрососедски односи:** Се планираат активности за јакнење на регионалната соработка и промовирање на добрососедски односи. Се планира: (1) Редовно учество на постојните регионални иницијативи и иницирање соработка во области од заеднички интерес; (2) Регионална соработка и воспоставување заедничка рамка за соработка за соочување со заедничките предизвици на земјите од Западен Балкан (демократија и владеење на правото, човекови права, слобода на изразување и медиуми, реформа на јавната администрација, корупција итн.); (3) Активно вклучување во инвестициските регионални иницијативи и во Инвестициската рамка за Западен Балкан; (4) Иницирање на регионални и интеррегионални иницијативи со соседните региони; (5) Иницијатива за добрососедски односи и соработка. Во овој контекст, важно е да се спомене членството на земјата во Стратегијата на ЕУ за Јадранско-јонскиот макрорегион, каде МЕП ја има улогата на национален координатор заедно со Министерството за надворешни работи. Дополнително продлабочувањето на регионалната соработка ќе биде овозможено со пристапувањето на земјата во двете транснационални програми, Интерег Адрион и Интерег Еуро-Мед програмата, во кои земјата е членка од 2020, односно 2021 година соодветно.

## 1.12 ПРОГРАМИ

### ПРОГРАМА 1.12.1 УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА СО СТРУКТУРИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ

**План за спроведување Програма 1.12.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување**

| **А: Оправданост и дизајн на Програмата 1.12.1Управување и координација со структурите во процесот на пристапување** |
|---|
| **Образложение:**<br>Програмата **1.12.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување** произлегува од:<br><br>Стратешкиот приоритет на Владата содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2024-28 година: **интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.** Програмата „Управување и координација со структурите во процесот на пристапување" произлегува од приоритетните цели на Владата во 2024-28 година:<br><br>- доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), вклучително и од втората фаза на ССА<br>- квалитетно управување со координативните структури, на планирањето, развивањето, спроведувањето и известување за Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)<br>- квалитетна подготовка, планирањето, спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на правото, за реформа на јавната администрација и Патоказот за |

функционирање на демократски институции и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците

Во рамките на оваа програма, МЕП, како стручна служба на Владата и централно координативно тело за поддршка на процесот на пристапување и преговори, планира продолжување и понатамошно подобрување на квалитетот на работа, по сите клучни функции:

- Доследно следење на обврските од ССА (КСА/Поткомитети)
- Организирање, координација и следење на работата на РКЕИ и работните групи за преговори
- Координација, подготовка, планирање, ажурирање и следење на НПАА (поврзана со 3 области и 33 поглавја и организиран во кластери согласно новата методологија)
- Координација на сите аспекти од Реформската агенда 2024-2027
- Квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување
- Координација на оперативните ИПА структури, програмирање и следење
- Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis)

Програмата ги опфаќа веќе поставените стандардни функции на МЕП, кои во континуитет се спроведуваат и надградуваат. Фокусот во оваа стратешка програма е на зајакнување на мониторинг механизмите и воведување на систем на рано предупредување, систематско следење на обврските, консултации и партнерски дијалог со институциите на ЕУ, воведување на стандарди на квалитет итн., сите во функција на квалитетно управување и координација со структурите и подобрување на квалитетот на работа.

- НПАА -Програмата е поврзана со 3 области и 33 поглавја

Програмата е во функција на следниот стратешки приоритет на МЕП:
Квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија преку исполнување на обврските од Спогодбата за асоцијација и стабилизација и другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија.
Воедно, Програмата е во функција на следните стратешки цели на МЕП:

- Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), со фокус на обврските кои се поврзани со преминот во втората фаза од ССА;
- Координација и следење на исполнувањето краткорочните приоритети од процесот на европска интеграција, со фокус на областите владеење на правото, функционални демократски институции и реформа на јавната администрација;
- Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање, тековно ажурирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), со фокус на процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ;
- Поддршка и квалитетно информирање на Владата во процесот на одлучување;
- Ефикасна координација на програмирање, следење, известување и евалуација на и градење на капацитети за спроведување на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош;
- Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis).

**Цел на Програмата 1.12.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување:**
**Исполнување на Копенхагенските и Мадридските критериуми за членство во ЕУ**

| Показатели за успех на Програмата 1.12.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување: | |
|---|---|
| **Показатели за успех на Програмата 1.12.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување:**<br>Позитивна оценка за исполнувањето на критериумите во Извештајот од Европската Комисија (релативно во однос на претходните извештаи);<br>Отпочнување со процесот на аналитички преглед на правото на ЕУ презентирано на скринингот;<br>Спроведување на обврските од 2 фаза на ССА;<br>Исполнување на обврските од Реформската агенда 2024-2027 и повлекување на финансиски средства. | |
| Програмата е: **Хоризонтална** | |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата 1.12.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување:**<br>• Унапредување на системот за информирање на Владата и навремено донесување одлуки од аспект на евроинтеграцијата<br>• Доследно исполнување на обврските од пристапните преговори (преговарачите позиции) Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со фокус на обврските од втората фаза на ССА, и партнерски дијалог со институциите на ЕУ<br>• Доследно исполнување на обврските кои произлегуваат од извештаите на ЕК, објаснувачките состаноци и оценските мисии<br>• Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)<br>• НПАА годишна ревизија, следење и известување<br>• Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите од Инструментот за претпристапна помош - ИПА и друга странска помош<br>• Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis) | |
| **Потпрограма 1: Унапредување на системот за информирање на Владата и навремено донесување одлуки од аспект на евроинтеграцијата** | **Показател за успешност:**<br>• Доследно спроведување на Деловникот за работа на Владата<br>• Број на информации до Владата, по однос на процесот на пристапување<br>• Број на подготвени редовни извештаи од МЕП, за седница на Влада<br>• Подобрен систем на информирање, и поддршка на Владата со стручни квалитетни анализи, за навремено донесување одлуки |
| **Потпрограма 2: Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со фокус на обврските од втората фаза на ССА, и партнерски дијалог со институциите на ЕУ** | **Показател за успешност:**<br>• Успешно подготвен и спроведен циклусот на КСА/Поткомитети состаноци (Записник и Усвоени заклучоци)<br>• Број на обврски на институциите по КСА/Поткомитет (% исполнување)<br>• Број на обврски на ЕК по КСА/Поткомитет (% исполнување);<br>• Број на оценски мисии<br>• Партнерски дијалог и консултации со институциите на ЕУ и продлабочени односи |

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 3: Доследно исполнување на обврските кои произлегуваат од пристапните преговори (скринигот) од извештаите на ЕК, Реформската агенда 2024-2027 и оценските мисии** | • Број на анализирани ЕУ мерки;<br>• Утврден степен на хармонизација;<br>• Број на реализирани заклучоци од телата на ССА;<br>• Број на позитивни наоди од Извештајот на ЕК;<br>• Број на исполнети чекори од РА/повлечени финансиски средства<br>• Број на реализирани оценски мисии/технички состаноци. |
| **Потпрограма 4: Квалитетно управување со координативните структури во процесот на пристапни преговори, подготовка, планирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)** | **Показател за успешност:**<br>• Исполнети одредници за отворање на кластерот<br>• Број на состаноци на РКЕИ<br>• Број на состаноци на работни групи за преговори<br>• Број на консултативни состаноци со ЕК<br>• Статус на реализација на НПАА – Матрица на цели и активности; по поглавја, по институции, на квартално ниво<br>• Обезбедена квалитетна работа на РКЕИ како тело за меѓуресорска консултација и решавање на проблеми<br>• Позитивен извештај на ЕК за напредокот. Донесена преговарачка рамка и одржана Меѓувладина конференција |
| **Потпрограма 5: НПАА годишна ревизија** | **Показател за успешност:**<br>• Навремено доставување на сите потребни информации, документи, обрасци, за подготовка на НПАА ревизија<br>• НПАА годишната ревизија (со Анексите) усвоена на Влада до крајот на тековната година<br>• Спроведени консултации со граѓански сектор, Собрание и други заинтересирани страни на транспарентен начин<br>• Воведени аналитички алатки и стандардизирани платформи и системи за рано предупредување (НПАА портал)<br>• Воведен системот на benchmarking и стандардизирани платформи за следење на исполнувањето (НПАА портал)<br>• Подобрен квалитет на НПАА, со развиени краткорочни и среднорочни приоритети, конзистентни со стратешките и буџетски програми на институциите кои учествуваат, како и со програмата за работа на Влада |
| **Потпрограма 6: Ефикасна координација на програмирање, имплементација и следење на програмите од Инструментот за** | **Показател за успешност:**<br>• (%) на искористеност на средствата од ИПА 2<br>• (%) на искористеност на планирани и програмирани средства од ИПА, по години |

| | |
|---|---|
| **претпристапна помош - ИПА и друга странска помош** | • Време на реализација на циклус ИПА програмирање<br>• Потпишана рамковна спогодба за ИПА 3<br>• Број на потпишани финансиски спогодби<br>• Број на TAIEX настани/ број на лица<br>• Број на билатерални спогодби<br>• Учество во програмите на Унијата во рамки на ИПА 3 (број програми, средства)<br>• Зајакнат капацитет за идентификација на среднорочни и долгорочни приоритетни области и нивно насочување кон ЕУ приоритетите и националните развојни приоритети, и усогласеност со МТЕФ (повеќегодишна финансиска рамка) на МК<br>• Зајакнат капацитет за секторски пристап<br>• Зајакнат капацитет за генерирање на програми и проекти во низа (projectpipeline)<br>• Зајакнат капацитет за мониторинг и евалуација |
| **Потпрограма 7: Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на ЕУ (acquis)** | **Показател за успешност:**<br>• Број на преведени правни акти/документи од важност за евроинтегративниот процес, по вид и фаза во преводот<br>• Број на обучени лица/специјализирани обуки, по профил<br>• Број на извлечени и обработени термини<br>• Квалитетна национална верзија на правото на Европската Унија (acquis) која ќе претставува сигурен извор на правата и обврските кои произлегуваат за македонските граѓани како резултат на евроинтегративниот процес |

| **Б: План за спроведување на програмата 1.1 Управување и координација со структурите во процесот на пристапување** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма 1: План за спроведување<br>Унапредување на системот за информирање на Владата и навремено донесување одлуки од аспект на евроинтеграцијата** | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I г. | II г. | III г. | I г. | II г. | III г |
| Информирање на Генералниот колегиум на Владата и на Владата за процесот на пристапување на МКД во ЕУ за | МЕП/МЕП/ДСек | МЕП, ресорните министерства, Владата | 1/2026 | 12/2028 | 2 | 2 | 2 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| позициите на МЕП по однос на бараните мислења и ставови за актите поврзани со ЕУ | | | | | | | | | | |
| Тековно прибирање, разгледување, распоредување изготвување и следење на изработените и пристигнатите материјали со кои МЕП се произнесува | МЕП | ресорните министерства, Владата | 1/2026 | 12/2028 | 2 | 2 | 2 | / | / | / |
| Редовно и навремено известување и доставување на мислења до владините комисии за политички систем, за тековна економска политика и комисијата за унапредување на човечките ресурси, а по однос на законски решенија, одлуки и други акти поврзани со ЕУ со цел навремено и ефикасно донесување на одлуки | МЕП/З МЕП/Д Сек | МЕП, ресорните министерства, Владата | 1/2026 | 12/2028 | 2 | 2 | 2 | / | / | / |
| Доставување на материјали до Генерален секретаријат преку електронски систем за ставање на точка на дневен ред на седниците на Влада, Генерален колегиум и Комисиите | МЕП/З МЕП/Д Сек | МЕП, ресорните министерства, Владата | 1/2026 | 12/2028 | 2 | 2 | 2 | / | / | / |
| Воспоставување на систем за следење на реализацијата на задолженијата на МЕП (заклучоци на Влада) и редовно известување за степенот на реализација | ДСек/ДС | МЕП, ресорните министерства, Владата | 1/2026 | 12/2028 | 2 | 2 | 2 | / | / | / |
| **Вкупно активности во I година: 5** | | | | | 10 | | | / | | |
| **Вкупно активности во II година:5** | | | | | | 10 | | | / | |
| **Вкупно активности во III година:5** | | | | | | | 10 | | | / |
| **Вкупно за потпрограма 1: 5** | | | | | 10 | 10 | 10 | / | / | / |

| **Потпрограма 2: План за спроведување**<br>**Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со фокус на обврските од втората фаза на ССА, и партнерски дијалог со институциите на ЕУ** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I г. | II г. | III г. | I г. | II г. | III г. |
| Организирање и спроведување на Специјалната група за реформа на јавна администрација | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 4 | 4 | 4 | 80.000,00 | 80.000,00 | 80.000,00 |
| Дијалог за управување со јавни финансии | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | | | | 80.000,00 | 80.000,00 | 80.000,00 |
| Организирање и спроведување Поткомитет за економски и финансиски прашања и статистика | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 3 | 3 | 3 | 224.000,00 | 80.000,00 | 224.000,00 |
| Организирање и спроведување на Поткомитет за правда и внатрешни работи | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 4 | 4 | 4 | 80.000,00 | 224.000,00 | 80.000,00 |
| Организирање и спроведување Поткомитет за трговија, индустрија, | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 3 | 3 | 3 | 224.000,00 | 80.000,00 | 224.000,00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| царина и даноци | | | | | | | | | | |
| Организирање и спроведување Поткомитет за транспорт, животна средина, енергија и регионален развој | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 3 | 3 | 3 | 80.000,00 | 224.000,00 | 80.000,00 |
| Организирање и спроведување Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 3 | 3 | 3 | 80.000,00 | 224.000,00 | 80.000,00 |
| Организирање и спроведување Поткомитет за земјоделство и рибарство | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 3 | 3 | 3 | 224.000,00 | 80.000,00 | 224.000,00 |
| Организирање и спроведување Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 3 | 3 | 3 | 224.000,00 | 80.000,00 | 224.000,00 |
| Организирање и спроведување Комитет за стабилизација и асоцијација | МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 17 | 17 | 17 | 80.000,00 | 224.000,00,00 | 80.000,00 |
| Организирање и спроведување Совет за стабилизација и асоцијација | МНРНТ/ МЕП | Ресорни министерства и други органи на државна управа | 1/2026 | 12/2028 | 3 | 3 | 3 | 224.000,00 | 224.000,00 | 224.000,00 |
| Учество на претставници на МЕП во МК Мисијата во ЕУ кои се одржуваат во Скопје | МЕП | МК Мисија во ЕУ | 1/2026 | 12/2028 | 3 | 3 | 3 | 270.000,00 | 270.000,00 | 270.000,00 |
| Подготовка на анализа и План за спроведување на обврските од | МЕП | Ресорни министерства и други органи на | 1/2026 | 12/2028 | 10 | 10 | 10 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ССА 2 фаза; координација со институциите на ЕК околу следните чекори; формулирање на националните позиции за динамиката на исполнување на обврските | | државна управа | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во I година: 13** | | | | | 59 | | | **1.870.000,00** | | |
| **Вкупно активности во II година:13** | | | | | | 59 | | | **1.870.000,00** | |
| **Вкупно активности во III година:13** | | | | | | | 59 | | | **1.870.000,00** |
| **Вкупно за потпрограма 2:13** | | | | | 59 | 59 | 59 | **5.610.000,00** | | |

| **Потпрограма 3: План за спроведување**<br>**Доследно исполнување на обврските кои произлегуваат кои произлегуваат од извештаите на ЕК, Скрининг извештаите, Планот за раст и Реформската агенда 2024-2027 и оценските мисии** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I г. | II г. | III г. | I г. | II г. | III г. |
| Институционални посети | СИ/ СКСП | СОРОЈ | 1/2026 | 12/2028 | 10 | 10 | 10 | / | / | / |
| Дебати со граѓански сектор | СИ/ СКСП | СОРОЈ | 1/2026 | 12/2028 | 10 | 10 | 10 | / | / | / |
| Одржани состаноци на националната структура за РА | МЕП | Ресорни институции | 1/2026 | 12/2028 | 40 | 40 | 40 | / | / | / |
| Доставување барања до ЕК за ослободување на средства | МЕП | Ресорни институции | 1/2026 | 12/2028 | 30 | 30 | 30 | / | / | / |
| Подготовка на прирачници за следење, известување и евалуација како и контрола и ревизија на ИРР | МЕП | | 1/2026 | 12/2028 | 10 | 10 | 10 | доанторски | доанторски | доанторски |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обуки за ИРР структурата | МЕП | Членови на структурата за ИРР | 12/2026 | 12/2028 | 15 | 15 | 15 | донаторски | доанторски | доанторски |
| Операционализација на ИТ платформа за РА и генерирање извештаи | МЕП | Ресорни институции | 1/2026 | 12/2028 | 20 | 20 | 20 | / | / | / |
| Организација на оценски мисии | СИ, ресорни институции | МЕП | 1/2026 | 12/2028 | 5 | 5 | 5 | / | / | / |
| Редовни состаноци на РКЕИ | СИ | СКСП, ресорни институции | 1/2026 | 12/2028 | 5 | 5 | 5 | / | / | / |
| Организација на средби со амбасадори на земји членки на ЕУ и Шеф на Делегацијата на ЕУ | СИ/ СКСП | Кабинет, СОРОЈ | 1/2026 | 12/2028 | 7 | / | / | / | / | / |
| Организација на прес конференции | СИ/ СКСП | СОРОЈ | 1/2026 | 12/2028 | 10 | / | / | / | / | / |
| **Вкупно активности во I година: 7** | | | | | 87 | | | / | | |
| **Вкупно активности во II година:7** | | | | | | 70 | | | / | |
| **Вкупно активности во III година:7** | | | | | | | 70 | | | / |
| **Вкупно за потпрограма 3: 7** | | | | | 87 | 70 | 70 | / | / | / |

| **Потпрограма 4: План за спроведување<br>Квалитетно управување со координативните структури, подготовка, планирање и доследно следење на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА)** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I г. | IIг. | III г. | I г. | II г. | III г. |
| Редовно и активно заседавање со Работниот комитет за европска интеграција и за НПАА | МЕП | Ресорни органи | 1/2026 | 12/2028 | 6 | 6 | 6 | 60.000,00 | 70.000,00 | 80.000,00 |
| Спроведување на новата Одлука за | МЕП | Ресорни органи | 1/2026 | 12/2028 | 28 | 28 | 28 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| формирање на работни групи за НПАА и преговарачки позиции и оперативно функционирање на работните групи | | | | | | | | | | |
| Вклучување на засегнати страни надвор од работни групи (синдикати, јавни установи, граѓанско општество) | МЕП | Ресорни органи | 1/2026 | 12/2028 | 6 | 6 | 6 | 40.000,00 | 50.000,00 | 60.000,00 |
| Понатамошно надградување на НПАА порталот - разработка на интранет системот на следење на реализација на НПАА и понатамошно развивање на другите интерфејси (на пример, reporting и сл.); и воведување на стандардизирани платформи и алатки | МЕП | Ресорни органи | 1/2026 | 12/2028 | 3 | 3 | 3 | / | / | / |
| Ажурирање на базата на податоци на НПАА – Матрица на цели и активности, и другите модули | МЕП | Ресорни министерства | 1/2026 | 12/2028 | 28 | 28 | 28 | / | / | / |
| Изработување на извештаи за реализација на НПАА за Владата | СИ/ССПП П/СКСП | Министерства/други институции вклучени во ГС на Влада | 1/2026 | 12/2028 | 28 | 28 | 28 | / | / | / |
| Изработување извештаи за Собранието | СИ/ССПП ПП/СКСП | МНР, Влада | 1/2026 | 12/2028 (Квартално, на секои 3,6,9,12 месеци) | 28 | 28 | 28 | / | / | / |
| Изработување прилози за годишниот извештај | МЕП | Министерства/други | 1/2026 | 12/2028 | 28 | 28 | 28 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| на ЕУ за напредокот во процесот на пристапување, усвојување од Владата и превод | | институции вклучени во НПАА | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во I година: 8** | | | | | 155 | | | 100.000,00 | | |
| **Вкупно активности во II година:8** | | | | | | 155 | | | 120.000,00 | |
| **Вкупно активности во III година:8** | | | | | | | 155 | | | 140.000,00 |
| **Вкупно за потпрограма 4: 8** | | | | | 155 | 155 | 155 | 360.000,00 | | |

| **Потпрограма 5: План за спроведување НПАА годишна ревизија** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I г. | II г. | III г. | I г. | II г. | III г. |
| Подготовка на Преглед на препораки од ЕК за понатамошно усогласување на законодавството на МКД со законодавството на ЕУ (анализа на извештаи од билатерални скрининзи анализа на препораките од Извештајот на ЕК за напредокот на МКД во процесот на пристапувањето во ЕУ, обврски од ССА-КСА и поткомитети, укажувања од технички состаноци со ЕК и сл.) | СИ/ ССПППП | РГ НПАА | 1/2026 | 12/2028 | 1/2026 | 28 | 28 | / | / | / |
| Тековно ажурирање на законодавниот анекс на НПАА со релевантно право на ЕУ | СИ/ ССПППП | РГ НПАА | 1/2026 | 12/2028 | 1/2026 | 28 | 28 | / | / | / |
| Анализа на опфатот на ЕУ мерки по поглавја и | СИ | РГ НПАА | 1/2026 | 12/2028 | 28 | 28 | 28 | / | / | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| степенот на транспонирање | | | | | | | | | | |
| Идентификување на потребни вработувања и надградба на механизмот за приоритетност на вработувања по НПАА согласно нивото на зголемени надлежности со транспонирање на acquis | НПАА работни групи | МЕП/ МФ | 1/2026 | 12/2028 | 28 | 28 | 28 | / | / | / |
| Идентификување на тековна и потребна странска помош во функција на НПАА | НПАА работни групи | МЕП /МФ | 1/2026 | 12/2028 | 28 | 28 | 28 | / | / | / |
| Поврзување на стратешките и буџетските планови на ресорните министерства со НПАА, понатамошно подобрување на врските стратешки-буџетски обрасци; | НПАА работни групи | МЕП/ МФ/Г С | 1/2026 | 12/2028 | 28 | 28 | 28 | / | / | / |
| Идентификување на потребни обуки со акцент на специјализирани обуки кои покриваат прашања од НПАА | НПАА работни групи | МЕП | 1/2026 | 12/2028 | 28 | 28 | 28 | / | / | / |
